**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Сто и шеснаесеттата седница на**
**Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 6 декември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници ја отворам 116-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Крстевски, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Неждет Мустафа, Кенан Хасипи, Рафет Муминовиќ, Андреј Жерновски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Силвана Бонева, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Марјан Ѓорчев, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски и Слободан Чашуле ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат точниот број присутни пратеници во салата.

Бидејќи има потпишани, односно дојдени во Собранието 52 пратеника, иако сме 49 тука, значи немаме објективни можности да продолжиме.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,30 часот.)

Со седницата продолжува да претседава Слободан Најдовск, потпретседател на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа. Молам, пред да продолжиме со работа, служибте да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Молам, службите уште еднаш да го утврдат точниот број, бидејќи на оваа страна рековте 13 пратеника, а всушност се 12.

Во салата се присутни 62 пратеника. Можеме да работиме.

Записниците од 111-та, 112-та, 113-та и 115-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 111-та, 112-та, 113-та и 115-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија, предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, АД за произвотство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во д работодавачотжавна сопственост.

Предлогот на Владата Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за економија, господинот Фатмир Бесими.

**Фатмир Бесими:** Благодарам потпретседателе на Собранието, почитувани пратеници,

Овој закон се предлга по итна постапка да се донесе на денешното Собрание на Република Македонија имајќи ги предвид структурните работодавачот еформи, односно преобразбата на Електростопанство на Македонија и при реформите и реструктуирањето на тогашното постојно и единствено претпријатие АД ЕСМ и во АД ЕСМ дистрибуција, АД МЕПСО за пренос и АД ЕЛЕМ и АД ТЕЦ Неготино.

Во сруктурните реформи се утврди потребата од ефикасно решавање на имотно правните односи на овие правни субјекти кои произлегоа од Законот за преобразба на ЕСМ, АД за производство, пренос и дистрибуција на еletрична енергија.

**Слободан Најдовски:** Предлогот на Владата пред да го ставам на гласање за тоа што сега се 60 пратеници. . .

Повелете господине Мавровски пријавете се да ве чујам.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Господине Мавровски имате ли процедурално?

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас мислам дека со ова објаснување кое што го даде министерот.

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски, се извинувам имате ли процедурално? Немате право да дискутирате по однос на објаснувањето.

**Спиро Мавровски:** По однос на итноста на постапката.

**Слободан Најдовски:** Тогаш немате право.

**Спиро Мавровски:** Процедурално се состои во тоа што објаснувањето на министерот апсолутно некокреспондира со тоа што го дава законот.

**Слободан Најдовски:** За тоа немате право. Кога ќе дојде законот тогаш.

Сега преминуваме на гласање.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 63 пратеника, од тоа 58 гласале, 50 гласале за, нема воздржани, 8 гласале против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата за недвижности.

Предлогот на Владата Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска - Ѓеорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Почитувани пратеници, Собранието на Република Македонија на седницата оддржана на 23 септември 2005 година го донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

Но по влегувањето во сила на овој закон во релативно кратко време на неговото применување беа констатирани одредени потешкотии во примената на законот и од тие причини, Владата предлага одредени измени. Се предлага овие измени и дополнувања да бидат усвоени на итна седница, поради потребата од ефикасно остварување на правата на учесниците на правниот промет во постапките за востановување на договорен залог, хипотека, долгорочен закуп и концесија на недвижности, заради тоа што законот при примената овозможува потешкотии што граѓаните ги чувствуваат, исто така и стопанските субјекти при засновање на долгорочен залог, закуп и концесија на недвижности во катастарските општини, каде што не е установен катастарот на недвижности, а и банките при доделување на кредити на своите идни комитенти.

Од тие причини сметаме дека е основано барањето законот да биде третиран како итен и да биде разгледан на оваа седница.

Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Гласале 61, 54 гласале за, нема воздржани, 7 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Законот за изменување на Законот за социјална заштита.

Предлогот на Владата Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, господинот Самка Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Овој предлог закон за донесување на Законот во скратена постапка го образложуваме со фактот дека овие измени и дополнувања на Законот за социјална заштита се однесуваат за усогласување со Законот за едношалтерски систем, односно ова е техничка работа, бидејќи установите за социјална заштита, наместо во судскиот регистар во иднина предлагаме да се врши во Централниот регистар на Република Македонија.

Од тие причини бараме овој предлог закон да биде во скратена постапка и како што реков, се работи само за една техничка наша корекција од Законот за социјална заштита. Наместо во судскиот регистар, да се врши во централниот регистар на Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника. 55 гласале за, нема воздржани, 8 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита.

Предлогот на Владата Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за здравство, господинот Владимир Димов.

**Владимир Димов:** Почитуван потпртседателе, почитувани пратеници измените на овој закон се предлагаат исто така како што беше претходно од Заменикот за труд и социјала напоменато во делот заради овозможување на примената на новиот едношалтерски систем, каде што се неопходни промени во Законот и заради потребата од усвојување на промените од зафаќање на тутунот, каде што се предвидуваат во овој закон, со цел да се има време да се имплементираат.

**Слободан Најдовски:** Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 62 гласале за, еден воздржан, 4 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за транспорт, врски и екологија предлага Собранието да го одложи

претресувањето на Предлогот на законот за воздухопловство и тој да биде разгледан на седницата на Собранието на 20 декември 2005 година.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 65 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлагачите на предлогот за донесување на законот за земјоделство на предлог на пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Аднан Ќахил, бараат на оваа седница да се разгледа само Предлогот за донесување на законот.

Комисијата за прашање на изборите и именувањата, предлага на оваа седница да се разгледаат предлогот на одлукта за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици, на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка, предлогот за разрешување на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија и предлогот за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашање на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам господине потпретседателе.

Врз основа на членот 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме денешнава седница да се дополни уште со 4 точки во дневниот ред.

Првите две точки претставуваат изменување на персоналниот состав на дел од работните тела, или на пратеничките групи за соработка со нашиот парламент со Парламентите на трети земји, како и две прашања околу разрешувањето и изборот на функција во доменот на надлежноста на Собранието на Република Македонија.

Комисијата ги утврди овие предлог одлуки и ги достави во писмена форма до Собранието и до сите пратеници. Тоа се основните и неодложните потреби овие точки да бидат ставени на усвојување на денешната седница на нашето Собрание.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарма господине Петров.

Предлогот на Комисијата, предлогот на одлуката за изменуѕвање на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 58, еден воздржан и двајца против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлукта за изменување  на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, еден е воздржан еден е против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот за разрешување на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 57 гласале за, 2 воздржани 2 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијта Предлогот за избор на главен Државен ревизор на Државниот завод за ревизија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници . За гласале 62 пратеника, еден е воздржан тројца против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

**Слободан Најдовски: (Продолжение)**

**Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:**

**1. Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници;**

**2. Предлог за разрешување на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија;**

**3. Предлог за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија;**

**4. Предлог за разрешување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово;**

**5. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје;**

**6. Предлог за именување заменици на јавни обвинители на вишите јавни обвинителства во Скопје и Штип;**

**7. Предлог за именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Штип;**

**8. Предлог за именување заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Куманово и Скопје;**

**9. Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител;**

**10. Предлог за именување на заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци;**

**11. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;**

**12. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;**

**13. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје И - Скопје и Битола;**

**14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка во областа на информирањето, со Предлог на закон;**

**15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка во областа на железничкиот транспорт, со Предлог на закон;**

**16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина, со Предлог на закон;**

**17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, образовна и научна соработка меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада, со Предлог на закон;**

**18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за унапредување и реципрочна заштита на инвестиции, со Предлог на закон;**

**19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за образовна, научна и културна соработка, со Предлог на закон;**

**20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;**

**21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за економска, комерцијална и техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Катар, со Предлог на закон;**

**22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата, со Предлог на закон;**

**23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, во државна сопственост;**

**24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите;**

**25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на закон;**

**26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, со Предлог на закон;**

**27. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Централен регистар, со Предлог на закон;**

**28. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформи на железницата, кој ќе се склучи помеѓу ЈП Македонски железници и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон;**

**29. Предлог на закон за изменување на Законот за социјална заштита;**

**30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита;**

**31. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година;**

**32. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година;**

**33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;**

**34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за**

**служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон;**

**35. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија, со Предлог на закон;**

**36. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Владата на Република Италија за реализација на втората фаза од Програмата за рационализација на управувањето и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор, со Предлог на закон;**

**37. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;**

**38. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон;**

**39. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;**

**40. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;**

**41. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за високото образование, со Предлог на закон;**

**42. Предлог за донесување на закон за санитарната и здравствената инспекција;**

**43. Предлог за донесување на закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја;**

**44. Предлог на декларација за воведување Е-парламент во Собранието на Република Македонија;**

**45. Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2006 година;**

**46. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт банка врз Буџетот на Република Македонија;**

**47. Предлог на закон за учебниците за основното и средното образование;**

**48. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон;**

**49. Предлог за донесување на закон за земјоделство;**

**50. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;**

**51. Предлог за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, со Предлог на закон;**

**52. Барање за давање автентично толкување на член 77, а во врска со одредбите на Глава В "Реализација на залогот" од Законот за договорен залог, поднесено од пратениците Славица Грковска и Ангел Димитров;**

53. Информација за штетните последици по лозарството и винарството во Република Македонија предизвикани со блокадата на винарската визба "Тиквеш" А.Д. Кавадарци.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе.

Мојот предлог се состои во тоа точката 1 и точката 2 од предложениот дневен ред да бидат повлечени од следниве причини:

Добивме две барања и еден приговор од јавните обвинители Борис Милосавлевски, Владо Марина од Скопје и Драги Златев од Јавното обвинителство од Свети Николе во кое истите образлагаат дека, според последниот Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување истите не ги исполнуваат условите за одење во старосна пензија, односно дека истите имаат уште по година дена да работат.

Со оглед на тоа што може да настане ненадоместива штета односно истите да бидат онеправдани и своето право да го побараат подоцна на суд и да не дојде до непотребни трошоци, предлагам овие две точки од дневниот ред да бидат повлечени. Се работи за разрешување на јавните обвинители во Свети Николе, Скопје и Тетово.

(Опомена од потпретседателот дека се работи за точките 4 и 5).

Во ред, се работи за точките 4 и 5 а не точките 1 и 2.

Подоцна евентуално да заседава Законодавно-правната комисија за да се даде автентично толкување за примена на овој последен закон во контекст со претходниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

**Пред да го ставам предлогот на гласање само една исправка, со оглед на тоа што сега имавме измени во редоследот, се работи за четвртата и петтата точка и тоа:**

**4. Предлог за разрешување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово;**

**5. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје;**

**Пред да го ставам предлогот на гласање, има збор заменикот на Јавниот обвинител. Повелете.**

Роксанда Крстевска: **Во врска со поднесените три предлози од нашите колеги за оваа седница, Јавното обвинителство на Македонија не сакајќи на колегите апсолутно да им наштети, со оглед на тоа дека се работи за наши долгогодишни кадри, а со толкување на новиот Закон за пензиско и инвалидско осигурување и сите проверки што ги**

извршивме со Фондот најдовме дека Предлогот за разрешување кој е поднесен од наша страна е основан, бидејќи се исполнети условите за стекнување на правото на старосна пензија, согласно член 17 став 1 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Донесувањето на Законот за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување "Службен весник" број 101/05 нема влијание врз стекнувањето на правото на старосна пензија по член 17 став 1 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување од причини што погодностите што важат со пролонгирање на стариот Закон се однесуваат на осигурениците кои ќе имаат право да отидат во пензија по основ на стаж.

Од тие причини наоѓаме дека Предлогот во поглед на заменикот Јавен обвинител Драги Златев е основан, бидејќи тој наполнил...

Слободан Најдовски: **Ве молам за момент, со оглед на тоа да не навлегуваме во расправа, вие ако сте предлагач значи вие останувате и понатаму на предлогот. Јас ви дадов збор во случај да не ги повлечете. Останувате и понатаму на предлогот?**

Роксанда Крстевска: **Да.**

Слободан Најдовски: **Благодарам, тоа ќе го изнесете во расправата доколку има потреба.**

**Предлогот на господинот Чедомир Краљевски точките 4 и 5 да се симнат од дневен ред го ставам на гласање.**

**Ве повикувам да гласаме.**

**Гласале 59 пратеника, од кои 15 за, 1 воздржан, 43 против.**

**Молам службите да го утврдат точниот број на присутни со господинот Трендафилов.**

**(Службите ги пребројуваат пратениците).**

**Во моментот на гласање беа присутни 69 пратеника.**

**Констатирам дека предлогот на господинот Краљевски не е усвоен.**

**Бидејќи нема повеќе пријавени, предложениот дневен ред го ставам на гласање.**

**Ве повикувам да гласаме.**

**Гласале вкупно 64 пратеника, од кои 59 за, 2 воздржани, 3 против.**

**Консттирам дека е усвоен предложениот дневен ред.**

**Продолжуваме да работиме по утврдениот дневен ред за денешната седница.**

Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници.

**Предлогот на одлуката ви е доставен.**

**Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.**

**Молам, кој бара збор?**

**Констатирам дека нема пријавени за збор.**

**Го заклучувам претресот.**

**Предлогот на одлуката го ставам на гласање.**

**Ве повикувам да гласаме.**

**Од присутни 69 пратеника во салата гласале вкупно 60 од кои 59 за, 1 воздржан, нема против.**

**Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници.**

Минуваме на точката 2 - Предлог за разрешување на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

**Предлогот ви е доставен.**

**Отворам претрес.**

**Молам, кој бара збор?**

**Констатирам дека нема пријавени за збор.**

**Го заклучувам претресот.**

**Предлогот Методија Тошевски да биде разрешен од функцијата главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија го ставам на гласање.**

**Ве повикувам да гласаме.**

**Од присутни 69 пратеника гласале 59 од кои 58 за, нема воздржани, 1 против.**

**Констатирам дека Методија Тошевски е разрешен од функцијата главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија поради исполнување услови за старосна пензија.**

**На господинот Тошевски да му посакаме среќни пензионерски денови.**

Минуваме на точката 3 - Предлог за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

**Предлогот за избор ви е доставен.**

**Отворам претрес по предлогот Драгољуб Арсовски да биде избран за главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.**

**Молам, кој бара збор?**

**Има збор пратеникот Илија Китаноски.**

Илија Китаноски: **Благодарам господине потпретседателе.**

**Почитувани колеги, јавноста во Република Македонија треба да ги знае причините зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи предлогот господинот Драгољуб Арсовски да биде избран за главен државен ревизор во Државниот завод за ревизија.**

**Имено, именувањето на господинот Драгољуб Арсовски за главен државен ревизор во Државниот завод за ревизија е спорно од повеќе аспекти. Имено, од прегледот на неговата биографија јасно се гледа дека се работи за лице кое е длабоко инволвирано во политиката поточно во владеачката партија СДСМ и врз основа на тоа извршувал поголем број на политички функции. Така, тој е повеќегодишен член на Претседателството на СДСМ, највисок орган на оваа партија. Исто**

**така ги има извршувано функциите како што стои во неговото сиви, значи, неспорни се, ги има извршувано функциите шеф на Кабинетот на потпретседателот на Владата, помошник на министерот за финансии, како и потсекретар во Министерството за финансии кои се доминантно политички функции.**

**Сите овие факти се во директна спротивност со членот 15 од Законот за државна ревизија кој вели дека главниот државен ревизор и неговиот заменик не смеат да вршат друга јавна функција и професија ниту да бидат членови на политичка партија, членови на управен одбор, надзорен одбор или било кој друг орган кај друг субјект.**

**Неговото именување е исто така во спротивност со стандардите на Меѓународниот комитет за ревизорски стандарди, кои како главни критериуми кои треба да ги исполнуваат раководството на државната ревизија ги наведуваат независноста, објективноста и компетентноста.**

**Во третиот критериум, навистина немаме намера да навлегуваме, објективноста дополнително може да се покаже затоа што не можеме да ја прогнозираме, меѓутоа, независноста е во старт ставена под знак прашалник.**

**Обврската за почитување на овие стандарди е наведена во членот 21 од Законот за државна ревизија.**

**Ставањето на оваа фактографија во актуелната политичка констелација како и тенденциозното и свесно кршење на овие стандарди даваат индиција за тоа дека се сака да се воведе политичко влијание во оваа институција кое нужно ќе биде во колизија со нејзиното професионално работење и со нејзината основна намена за која што е и формирано.**



**Илија Китаноски: (Продолжение)** И покрај сите слабости, сепак Државниот завод за ревизија досега се наметна како релативно објективна и независна институција. На овој начин претстои нејзина партизација. Аргументацијата која што на расправата во Комисијата за избор и именувања доаѓа од СДСМ дека господинот Драгољуб Арсовски ја вратил партиската книшка, навистина не е издржана затоа што тоа може да го направи секој висок функционер на било која политичка партија пред да биде назначен на една функција и со тоа се запазува формата, меѓутоа суштината воопшто не се запазува. Прво, тој факт ниту може да се провери, ниту може да се верификува, а и дури да е навистина така, не може да се очекува

објективно човек кој толку долго време бил на висока партиска и политичка функција во една партија одеднаш да стане независен, објективен и имун на секакви политички влијанија. Понатаму, тој се става на оваа позиција во период во кој финансиската контрола треба да биде приоритетна дејност во државата. Имено, и резултатите од добиеното позитивно мислење од Европската комисија се групирани во четири оддели и најниско рангиран како што е познато е четвртиот одел кој е посветен на финансиската контрола во кој според Европската комисија состојбите се катастрофални и се очекува државата да има најмногу проблеми при отпочнување на преговорите токму со овој четврти одел. Ова поле е отсликано и со најцрни бои во Извештајот на Европската комисија. Тоа значи дека областа на контролата на државните пари дополнително ќе биде под влијание на владеачката партија.

Во оваа област исто така клучна улога треба да одигра Секторот за централна внатрешна ревизија во рамките на Министерството за финансии и секако Државниот завод за ревизија. Првиот знаеме дека не е соодветно екипиран, иако и Државниот завод за ревизија сеуште не е соодветно екипиран, меѓутоа првиот не е ниту независен од министерот, а сега истото ќе важи и за вториот, односно за Државниот завод за ревизија. Значи, и тој ќе биде под директно партиско влијание на владеачката партија. Значи, на овој начин се девалвира исто така една институција која заедно со Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и МВР треба да биде ударна тупаница во оваа за нашата држава проблематична сфера. Уште повеќе што промените на првиот човек во Државниот завод за ревизија понатамошните промени и сегашните се на еден начин законски оневозможени и на овој начин една партизирана структура ќе биде практично поставена без сериозна можност за нејзина промена, или за влијание за евентуална нејзина промена, а токму заради решенијата кои што се содржани во Законот за државна ревизија каде што според член 14 директорот и замeникот на Државниот завод за ревизија се разрешуваат само доколку тоа сами го побараат, доколку ги исполнат условите за старосна пензија, доколку се осудени за кривични дела на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци и заради потешка дисциплинска повреда што ги прави неподобни за вршење на функцијата.

Значи, генерално како пратеничка група сметаме дека на овој начин грубо се партизира уште една државна институција која што по функција и по природа треба да биде навистина независна. И од тие причини апсолутно нема да го подржиме овој предлог, а ги повикуваме и останатите пратеници да не го подржат предлогот за именување на господинот Драгољуб Арсовски за главен државен ревизор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

За реплика се јави господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе. Господине Китаноски, не знам, навистина не е прв пат во ова Собрание на некои личности во јавноста да се лепат етикети. Најлесен начин е преку собраниската говорница пратеникот да ја злоупотреби и да лепи политички етикети од дневен партиски маркетинг. Тоа е најлесно. Меѓутоа, се поставува прашањето што е спорно во кандидатурата на господинот Драгољуб Арсовски, односно во неговата биографија и неговата кариера професионална, па и политичка. Сето тоа што вие го кажавте дека бил член на СДСМ и извршувал многу високи функции во оваа партија е точно и зарем треба тоа да се крие, а најмалку господинот Драгољуб Арсовски да се срами од тоа. Напротив, господинот Арсовски кога работел во СДСМ и кога извршувал високи државни функции на предлог од СДСМ ниту го прекршил законот, ниту направил некој криминал од што треба да се срами. Господине колега пратеник, во секоја професија и на секоја функција може да се работи чесно, или нечесно. Господинот Драгољуб Арсовски работел чесно. Значи, нема што политичкиот ангажман некому да биде хендикеп. Значи, господинот Арсовски не го прекршил законот, нема од што да се срами, а најмалку од тоа што бил во СДСМ, ниту пак има некаква дамка во својата професионална кариера. Напротив, да не испадне случајот како со мајката на пратеничката Каролина Ристова кога имаше неколку неосновани етикетирања од опозицијата за да на крајот сите се согласат дека жената немала никаква дамка во кариерата и дури сите гласаа спротивно на својата дискусија и ја подржаа за избор на судија во Апелациониот суд, вклучувајки ја и вашата пратеничка група. Значи, не можете со ваков начин со политички етикетирања да ја ограничувате основната уставна, основното уставно човеково право и слобода за политичко определување и политички ангажман.

И на крајот господине, воопшто немојте да се плашите дека господинот Драгољуб Арсовски како државен ревизор ќе го утврдува, или ќе го ревидира работењето на ПУИГ, тоа веќе е направено од господинот Методија Тошевски.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе, еве сега ќе кажам што е спротивно на законот, иако во целата дискусија господинот Кондарко ама буквално ништо не демантира за она што го кажав. Значи, Законот за државна ревизија член 15 вели: Главниот државен ревизор и неговиот заменик не смеат да вршат друга јавна функција , ниту да бидат членови на политичка партија. Тоа го вели Законот. Значи, во овој случај се прекршува Законот, колега Кондарко.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам. Јас ќе зборувам во мое лично име, не во име на пратеничката група, за разлика од господинот Китаноски, макар што не гледам голема разлика, затоа што пратеничката група од ДПМНЕ очигледно е застапена овде со еден, двајца.

Од мој личен аспект јас ќе кажам само една работа дека ќе гласам за изборот на господинот Драгољуб Арсовски од две причини. Прво, од личниот контакт кој долго време сум го имал со дотичниот и лично сметам дека тој е изграден и како личност и како професионалец да биде дораснат на функцијата која што во овој момент му се дава. Политичкиот ангажман мислам после она што се случи со Комерцијална банка

и неговото исфрлање од Поштенска на некој начин го дисквалификува и самиот Социјал демократски сојуз. Јас верувам дека тој е веќе дефинитивно аполитичен, односно не припаѓа на политичка партија. Меѓутоа, без разлика на педигрето во политички смисол, мислам, лично сум убеден дека тој е способен да ги диференцира политичките моменти од професионалната ревизија која што ќе биде должен да ја спроведува. И од тие причини сметам дека најдобро ќе може во овој момент да одговори на таа работа и затоа ќе гласам за неговиот избор.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, Само два, три збора околу изборот на господинот Драгољуб Арсовски за главен државен ревизор. Јас ја прочитав со многу внимание биографијата на господинот Арсовски и морам да признам дека има завидна биографија. Меѓутоа, факт е дека господинот Арсовски е политички определена личност што директно се коси со членот 15 од Законот за државна ревизија во кој што јасно и децидно стои дека не може да биде политички определен. И сега ние сме ставени во ситуација да одлучуваме меѓу една одлична биографија, би рекла и меѓу принципиелно почитување на законот. За жал Парламентот не е прв пат во таква ситуација. Јас во принцип не се согласувам законодавниот дом кој ги носи законите е и тој што прв ги прекршува.

Од тие причини јас лично би останала воздржана за изборот на господинот, затоа што од друга страна има одлична биографија. Меѓутоа, не сакам да бидам прекршител на Законот кој го изгласал ова Собрание.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Јас сакам да се задржам на принципиелни прашања кои што се однесуваат на дел од досега кажаното. Значи, првата работа е во однос на потребата за Република Македонија зборувам како држава, главниот државен ревизор да биде личност која што би била прифатлива за сите и понатаму не би имало никаков сомнеж околу тоа дека ревизорските извештаи нема да бидат политички обоени, туку ќе бидат нависитна одраз на стручноста која што ја поседува и квалитетите кои што ги поседува главниот државен ревизор. Јас сметам дека од тој аспект нема никаква спорна работа. Господинот Драгољуб Арсовски со оглед на овие биографски податоци кои што ги имаме пред нас апсолутно не може да му се најде никаква маана во однос на неговата стручност, квалитет и во однос на досегашното работење и во однос на неговите активности и ангажмани како претставник на Република Македонија на меѓународните конференции и сите оние други ангажмани кои што ги имал како претставник на Владата на Република Македонија и на Стопанска банка, на Комерцијална банка, значи во банките во кои што работел. Проблем кој што треба да се надмине е она што го кажав на почетокот, а тоа е принципиелниот проблем во смисла, дали господинот Драгољуб Арсовски е личноста која што би била прифатлива како главен државен ревизор во Република Македонија покрај признавањето кое што сега го слушнавме и од господинот Кондарко дека тој бил предлаган на високи државни функции од страна на СДСМ и она што го кажа мојот колега господинот Ѓорѓи Оровчанец дека после неговото напуштање на Поштенска банка како што стои тука, во моментот тој е во отказ од директорското место во Поштенска банка. Дали тоа значи дефинитивно негово разидување со СДСМ, или претставува прв чекор кон негово целосно дистанцирање од политичките партии во Република Македонија. Значи, одговорот на овие прашања треба да биде основа за донесување на правилна одлука по однос на гласањето за неговиот избор. Јас сум свесен дека овие функции и активности претставуваат функции и активности кои што се резултат пред се на неговата стручност. Меѓутоа сигурно дека функциите член на Управниот одбор на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал од 1996 до 1998 година, потоа претседател на Управниот одбор на Стопанска банка согласно Законот за санација и реконструкција на банкарскиот систем, член и претседател на Управниот одбор на Стопанска банка како претставник на државниот капитал во банката претставуваат нависитна функции кои што му биле доверени во периодот на владеењето на господинот Бранко Црвенковски пред 1998 година, а истовремено со вршењето на овие функции ги вршел и функциите потсекретар во Министерството за финансии, потоа шеф на кабинетот на потпретседателот на Владата на Република Македонија од 1993 до 1995 година и она што е основно претставува директна политичка функција која што е вршена од страна на предложениот кандидат. Секако дека она за што зборуваме не треба да биде сватено како девалвација на квалитетите на личноста на господинот Арсовски. Меѓутоа, ние мора да кажеме дека предлагањето на кандидати кои што биле на високи партиски функции во еден подолг изминат период кои што биле предлагани и работеле во функција на политиката на одредена политичка партија не може да претставува позитивен знак во контекст на вака независна и самостојна функција која што треба да се врши како главен државен ревизор. Тоа е она што сакав да го искажам, иако навистина држи она што беше досега кажано, а тоа е дека деполитизираноста може да биде многу слична и на онаа деполитичираност која што ја имаме да речеме кај Претседателот на државата кој што самиот признава дека СДСМ му е во срцето, меѓутоа тој мора да биде деполитизиран заради Уставот на Република Македонија. А сега истото тоа се случува и со Законот за државна ревизија каде што поради одредени причини господинот треба да биде деполитизиран и ќе се изјасни како деполитизиран, меѓутоа колку навистина ќе биде деполитизиран треба да покаже времето. Јас се надевам дека овие наши дискусии ќе бидат сватени во правец на одговорно, пред се стручно и квалитетно вршење на работата главен државен ревизор. И ако ништо друго, јас можам тука само да му порачам на господинот Драгољуб Арсовски, ако ништо повеќе, тогаш да биде на нивото на господинот Методија Тошевски кој што успеа во целиот негов досегашен мандат максимално да биде непристрасен, самостоен во неговата работа и сите извештаи независно од тоа која политичка структура била на власт биле идентични засновани на стручноста

и засновани на квалитетот кој што треба да го поседува не само главниот државен ревизор, туку и целокупниот Завод за државна ревизија кој што се покажа како една од ретките институции во Република Македонија која остана доследна на задачите кои што и ги дава Законот за државна ревизија и Уставот на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

За реплика се јави господинот Киро Дојчиноски.

**Киро Дојчиноски:** Јас сакам со господинот Блаже Стојаноски да размениме нешто што ми се чини и тој го знае, што треба да биде јавно. Политичкиот живот во Република Македонија го носат граѓаните групирани во политичките партии како членови, или како функционери. Но, истовремено граѓаните во Република Македонија можат да бидат и симпатизери и се симпатизери на одредени политички партии. И сега да не речам, и една трета категорија аполитични. Не би сакал во оваа ситуација да бараме ваква личност. Во случајов познати се вредностите на господинот Арсовски и мислам дека во овој момент ниту е член, ниту е носител на политичка функција во СДСМ. Според тоа, која е гаранцијата ако ние денеска избереме личност која што не е во ниедна партија, а може да биде симпатизер. Дали тука имаме гаранција дека нема пак оваа опасност што тој ја кажува да биде присутна. Сега уште нешто би го прашал. Можеби од утре Блаже Стојаноски нема да биде член на ВМРО-Народна, но тоа не значи дека нема да биде симпатизер. Да не го избереме никаде, ако има вредност? Мислам дека на ова прашање треба да му посветиме малку повеќе внимание.

JM/OM 116 - 00

**Слободан Најдовски:** Една минути контра реплика за господинот Блаже Стојановски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Морам да одговорам на ова затоа што реформите кои што сега ги прави Република Македонија во областа на судството се заради неговата политизираност, како што се нарекува, а тоа значи ако тргнеме од тие аргументи што ги кажувате, тогаш судија може да стане било кој што бил на високи партиски функции и кое што е гаранција дека со самата негова изјава дека му престанува членството во таа политичка партија дека ќе ја врши судиската функција непристрасно.

Реформите во државната администрација и во јавната администрација кои што треба да следат, исто така се однесуваат на нејзината политизираност. Јас сметам дека имајќи ги во предвид стручните квалитети на господинот Арсовски, навистина тој ќе одговори на оваа потреба и затоа реков дека треба да го има како пример господинот Методија Тошевски, затоа што тој функцијата што ја вршеше, ја вршеше независно од било која политичка структура. Тоа беше мојата порака која што ја дадов на крајот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Повелете, три минути за реплика господине Кире Гештакоски.

**Кире Гештакоски:** Благодарам господине потпретседателе.

Навистина не можам да ги разберам дискусиите на некои мои колеги од опозицијата. Никој досега не кажа дека во досегашната работа господинот Арсовски не бил чесен, не бил стручен, не бил компетентен и не си ја извршувал на најдобар можен начин својата работа. Тие се убедени дека и оваа работа ќе ја врши одговорно, чесно и компетентно. Проблемот е што по нивно мислење бил член на СДСМ.

Јас сум сигурен дека после назначувањето на господинот Арсовски, неговото членство во СДСМ во најмала рака ќе мирува, ќе биде ставено во мирување на принципот како што е претседателот на државата, а не можат да се усогласам со мислењата дека судиите и други одговорни лица кои не се симпатизери или членови на политичка партија не се бираат. Такви случаи во минатото имавме од највисок можен ранг. Избрани беа во Републички судски совет потпретседатели на ВМРО-ДПМНЕ, избрани беа претседатели на врховни судии едни од највисоките членови на ВМРО-ДПМНЕ и затоа не се согласува со тие дискусии.

Го поддржувам предлогот Драгољуб Арсовски да биде избран на оваа функција.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра-реплика за господинот Блаже Стојановски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Јас ќе одговорам многу кратко. Еве да земеме дека се согласувам со вашиот став, се согласувам дека човекот е стручен, квалитетен и целокупната досегашна активност и стручност е докажана и покажана. Тоа е во ред. Основното прашање е зошто беше сменет од Комерцијална банка од директор. Значи главните аргументи кои што ги имате фактички докажуваат дека господинот Хари Костов не тргнуваше од аспектот на стручност и компетентност туку тргнуваше од некои политички интереси кои што беа во моментот.

**Слободан Најдовски:** Оставете го тоа. Господине Стојановски, ве молам конкретно.

**Блаже Стојановски:** Целата оваа ситуација која што ја имаме сега треба да се даде една порака, а тоа е повлекувањето од политичките влијанија. Тоа е она што го кажувам постојано.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Каме Петров.

Повелете господине Петров.

**Каме Петров:** Благодарам господине потпретседателе.

Ќе се обидам и јас да бидам многу краток, затоа што чувствувам обврска од името на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата само мал сублимат да кажам, затоа што дел од работите што се кажаа на Комисијата и овде беа изнесени.

Имено, да не остане, барем тоа да го демаскираме, го утврдивме, па и со увид во евиденцијата денеска дека господинот Арсовски не е член на ниту една политичка партија. Тоа во одреден период, во изминат период, подолг период наназад откако не е член на политичка партија, доколку бил член на некоја политичка партија, вклучувајќи го и СДСМ провејуваше во мнозинството на дискусиите на Комисијата за изборите и именувањата и не треба да се сфати како казна и не треба да се сфати како грев.

Значи, таквите луѓе, па посебно со вакви параметри овде изнесени во делот на образованието и слично, високо компетентен, високо одговорен човек не треба да има дилема и нема законски пречки тој да не биде главен државен ревизор. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Има збор пратеникот Ангелка Пеева-Лауренчиќ.

Повелете госпоѓо Лауренчиќ.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи кандидатот Драгољуб Арсовски за позицијата за која е предложен.

Нашиот став од секогаш бил јасен дека ние ги вреднуваме луѓето и поединците по нивната професионалност и стручност, а не по нивната етничка, бизнис, партиска или било каква друга квалификација тргнувајќи од основниот принцип дека Македонија е мала земја и нема многу кадри за да можеме да ги делиме на вакви или онакви.

Заради тоа би сакала да кажам дека ЛДП ќе поддржи секој стручен, професионален, квалитетен кадар што ќе биде предложен до Собранието за позицијата за која ќе биде предложен.

Не сакам да навлегуваме во дискусиите кој каде и кога бил член и чиј симпатизер доколку си ја врши стручно и професионално работата ќе му се даде поддршка. Доколку тоа не го стори, истото ова Собрание има можност да го промени. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава претседателот на Собранието, Љупчо Јордановски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лауренчиќ.

Господине Богданоски повелете, имате збор.

**Сашо Богданоски:** Благодарам претседателе.

И јас сакам да го искажам моето лично мислење по ова прашање.

Начинот на кој пристапуваме кон разрешување на оваа проблематика провоцира и еве и на овој пример, како и во многу други случаи гледаме дека имаме недоразбирање со пишаните закони и праксата. Иако сите потврдуваме овде дека нема забелешки за професионалната кариера на предложениот господин, сепак останува фактот дека законот за државната ревизија дефинира главниот државен ревизор не треба да биде партиски активен член.

Јас таквата одредба во овој закон, а и во неколку други ја разбирам како нешто што дефинира политичка апстиненција во текот на извршување на работата и функцијата за која е избран дотичниот и од тие причини сметам дека овој случај не треба да биде пречка за избор на господинот Арсовски за главен државен ревизор. Јас лично ќе гласам за тој избор, а во оваа прилика сакам да подвлечам повторно за една потреба за поточно дефинирање на таквите одредби во нашите неколку закони.

Значи, еве овде согледуваме потреба малку попрецизно да дефинираме што значи да не биде член на ниту една политичка партија. Дали тоа значи да не бил член на ниедна политичка партија, сто години апроксимација, или тоа навистина треба да се сфати како обврска во време на вршењето на соодветната функција да нема партиски ангажман.

Значи, од сите овие причини јас мислам дека Арсовски треба денеска да го избереме за главен државен ревизор, но исто така да не заборавиме, за да не доаѓаме и во други случаи во вакви слични ситуации, малку попрецизно да ги дефинираме овие одредби во неколкуте закони.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски повелете.

**Илија Китановски:** Само кратко едно повторување.

Значи, членот 15 од законот за државна ревизија, оние што ќе го поддржат овој предлог веднаш нека иницираат негова промена затоа што во него јасно стои дека не треба да бидат членови на политичка партија директорот на Државниот завод за ревизија и неговиот заменик.

Тој факт не може да се провери и да се верификува дали е или не е член, а дури и да може на некој начин објективно, навистина не случајно е ставена таа одредба во Законот за државна ревизија, или ако мислите дека само формално е правена тогаш во ред е, можете да го одржите тој избор, меѓутоа пак тврдам дека се носи со одредбите во членот 15 од Законот за државна ревизија со нејзината суштина и со причината заради тоа што е ставена таа одредба од Законот за државна ревизија. Заради неговата независност, а во овој случај во самиот факт на означувањето таа независност е доведена во прашање и воопшто не е добро уште на самиот почеток на мандатот да се почне со еден таков ореол дека е зависен практично од одредена политичка партија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски тој член е дефиниран и искажан во сегашно време, не во минатото време.

Повелете господине Есад Рахиќ, имате збор.

**Есад Рахиќ:** Само кратко како реплика на она што го кажа господинот Китановски како голем почитувач на законот.

Нека го земе геслото пред два дена и на излез од салата ќе му го покажам знакот за забрането паркирање. Мислам дека не е толку голем почитувач на закони и не може така да се претстави. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, една минута господине Китановски.

**Илија Китановски:** Мислам дека дискусијата треба да ја држиме на едно нормално високо ниво, а овие небулози што ги искажува колегата Есад Рахиќ нека си ги чува за во кударите, или за во бифе кога ќе влеземе, затоа што мислам дека тотално е аут.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени други за збор го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Драгољуб Арсовски да биде избран за главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници од кои 59 гласале за, 4 воздржани, 4 против.

Констатирам дека Драгољуб Арсовски е избран за главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

**Минуваме на точката 4, предлог за разрешување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Свети Николе и Тетово.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Драги Златев да биде разрешен од функцијата јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Свети Николе. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Драги Златев да биде разрешен од функцијата јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Свети Николе го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, 54 за, двајца воздржани и 6 пратеника против.

Констатирам дека Драги Златев е разрешен од функцијата јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Свети Николе поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по предлогот Борис Милосавлевски да биде разрешен од функцијата јавен обвинител на основното јавно обвинителство во Тетово.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Во контекст на она што и колегата Чедомир Краљевски го кажа на почетокот на седницата, навистина факт е дека денеска добивме допис сите пратеници и членови на Владата во кој се наведува повеќе останатото дека господинот Борис Милосавлевски всушност не ги исполнува условите за одење во старосна пензија.

Притоа, наведува дека на 07.04.2006 година ќе наполни 39 години работен стаж, додека на 26.06.2006 година ќе наполни 65 години старост.

Претставникот на Републичкото обвинителство почна да кажува, меѓутоа сметам дека е ова вистинска прилика да се каже дали се исполнети законските услови за одење во старосна пензија, или не се.

Ме радува тоа што претставникот на Министерството изврши консултации со Фондот, но, сепак би сакал да го слушнам и образложението.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседател.

Во контекст на ова што го зборуваше господинот Томиќ, сите ние како пратеници ги добивме овие известувања од господата кои што требаше да бидат променети на оваа седница.

И покрај тоа што не сум правник ме изненадува начинот, во прашање е тука јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово кој што наведува повеќе закони според кои што истиот не ги исполнува условите за пензионирање. Но, ова ние го добиваме откако предлогот за разрешување од Јавниот обвинител на Република Македонија, господинот Александар Прчески и сега се прашувам доколку врвот на Јавното обвинителство не кореспондира со ова што значи законски обврски и законски проекти кои што се пред нас како пратеници како ние како пратеници ќе можеме да се однесуваме по однос на оваа материја, затоа што во самата јавност се создаде една збрка од толкувањето на она што излезе во "Службен весник" , посебно она што беше предлог на пратениците во однос на Законот за работни односи и пензионирање и

затоа предлогот на господинот Краљевски мислам дека беше во ред, Законодавно-правната комисија да заседава и да донесе некоја одлука заедно со госпоѓата од Јавното обвинителство и сите заедно да не се доведуваме во заблуда, да правиме повторно грешка по ова на барање на барање на самите јавни обвинители тие да продолжат со своето работење во јавните обвинителства, затоа што ова колку што можам да го прочитам, барем според нивните сознанија ниеден од тројцата не ги исполнува условите за нивно пензионирање.

Мислам дека тука треба да ја разрешиме дилемата и да ставиме крај на сето ова.

**Љупчо Јордановски:** Еве, пријава 02, односно претставникот на Јавното обвинителство можеби ќе може да ја разреши дилемата.

Повелете, имате збор.

**Роксанда Крстевска:** Бидејќи законите ги носи Собранието, претпоставка е дека пратениците знаат каков закон изгласале и што е реакцијата на тој закон.

Измените на Законот за инвалидско и пензиско осигурување се однесуваат на дел на осигурениците кои што заради природата на работата имаат пензиски стаж, а немаат доволно возраст, бидејќи новиот Закон за инвалидско и пензиско осигурување прифаќа дека одење во пензија може да се врши само кога ќе наполни маж 64 години, жена 62 години и минимумот на стаж на осигурување.

Во конкретниот случај измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување се однесуваат токму на таа категорија која што до 2007 година жените кои ќе го исполнат условот со 35 години стаж и мажите со 40 години стаж. Во овој момент во Македонија единствена категорија која што е со член 17 став 1 признаена како услов за одење во пензија е старосната граница, а тоа е маж со 40 години и жена со 35 години.

Јавното обвинителство према тројцата колеги имаше голем респект за изминатиот труд, за нивната работа и за успесите кои што ги постигнале. Значи, немаме никаков мотив да го кршиме законот или предвреме да ги испратиме во пензија. Заради ова извршивме консултации со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и од тие причини остануваме доследни на поднесениот предлог, бидејќи сметаме дека тој е на закон заснован.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо, во иднина под зборот "претпоставка" нема да дозволам да ја оценувате способноста на пратениците што гласале и како гласале за законот, бидејќи по тој збор "претпоставка" и јас можам да кажам дека и вие не сте го разбрале добро законот.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

НН/МК 116 - 00

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Колку што можев да ја следам госпоѓата од Јавното обвинителство, таа изрече некои погрешни бројки, маж со 40 години, жена со 63 години и уште повеќе ја зголеми збрката што ја имаше во оваа ситуација, затоа што стажот на господата кои треба да бидат заменети укажува дека тие наполниле 39 години работен стаж, другиот има уште помалку, 37,8, а исто и старосната граница од 65 години би ја исполниле на 1.09.2006 година. Останатите имаат 39 години и 65 години старост на 26.06. 2006 година, така што многу не се разјасни за ова што вие се обидовте да го кажете. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Крстевска, немате збор.

Госпоѓо Мингова, повелете.

**Благородна Мингова-Крепиева:** Благодарам, претседателе.

За да нема можеби недоразбирања во јавноста, во последните денови во медиумите имаше повеќе коментари кои не ги земаа предвид сите измени и дополни на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Затоа, можеби ќе кажам неколку работи.

Сегашниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување ја има старосната граница за жени од 62 години до крајот на 2007 година, оваа година до крајот на 2005 година е 61 година и за половина година се менува според скалата, а кај мажите веќе е достигната последната граница од 64 години и при тоа е минимум стаж од 15 години. Измената која беше направена од страна на ова Собрание во преодниот член, членот 30, се однесува само на можноста да се искористи правото да се добие пред старосната граница, пред исполнување на старосната граница пензија со исполнет стаж 35 години за жена и 40 години за маж. При тоа, коментарите од типот дали треба ова или она да се примени заборавaат и ние во барањата од страна на јавните обвинители, тројца, кои го имаат поднесено, ги земаат предвид само измените до 2000-та година, не сметајќи дека ова Собрание кога правеше измена на членот 30 ги зема предвид сите измени до 2005 година, во 2001 година е направена измена во овој член каде се избришани по основ на старите закони, каде ја имаше можноста и со 60 и со 63 години. За да нема недоразбирања, значи, ќе ја имаме можноста за пензионирање жена со 35 години, без разлика на возраста, но максимум 62 години како што дава Законот и маж со 40 години но максималната старосна граница согласно постојниот и важечки Закон е 64 години. Јас ви благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Борис Милосавлевски да биде разрешен од функцијата јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратени, 52 пратеника гласале за, 2 воздржано и 7 против.

Констатирам дека Борис Милосавлевски е разрешен од функцијата јавен обвинител од Основното јавно обвинителство од Тетово поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Минуваме на 5-та точка-Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје**

Предлогот ви е доставен.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Владимир Марина да биде разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 56 пратеници гласале за, 1 воздржан и 6 против.

Констатирам дека Владимир Марина е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

**Минуваме на 6-та точка-Предлог за именување заменици на јавни обвинители на вишите јавни обвинителства во Скопје и Штип**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Јелица Медарска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Почитуван претседателе, јас мислев дека оваа точка ќе се разгледува во целина бидејќи има два предлога, па коментарот ќе го оставам за наредниот член од Јавното обвинителство.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Јелица Медарска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 58 пратеници гласале за, 6 воздржано и нема против.

Констатирам дека Јелица Медарска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Ферат Елези да биде именуван за заменик на јавниот обвнител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Во контекст на сите овие измени кои во моментот се работат во Собранието на Република Македонија, вклучувајќи го и Јавното обвинителство, за кое многу пати досега говоревме, за изборот на јавните обвинители, во овој момент добиваме до Собранието на Република Македонија од Владата на Република Македонија врз основа на член 42 став 1 од Закнот за Јавното обвинителство, на седница одржана на 20 октомври 2005 година: "Согласно добиеното позитивно мислење од Советот на јавните обвинители на му предложи на Собранието на Република Македонија господинот Елези Ферат, адвокат до Гостивар, да биде предложен за заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје". По сето ова, ние како пратеници треба да го избереме господине Ферат, по спроведувањето на постапките, по објавените одлуки од Собранието на Република Македонија за огласување и именување на јавни обвинители и заменици на јавните обвинители во соодветните наведени јавни обвинителства и добиеното претходно позитивно мислење од Советот на јавните обвинители, а имајќи ги предвид позитивните резултати во досегашното работење на предложените кандидати, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието, согласно наведената законска одредба да ги именува предложените кандидати на соодветните јавни обвинителни функции.

Јас како пратеник во овој момент треба да гласам за господинот Елези Ферат врз основа на биогравските податоци што ги имам пред мене и кои говорат: "Елези Ферат, адвокат до Гостивар, роден е на 4.12.1963 година, во село Дебреше-Гостивар, дипломирал на Правниот факултет во Приштина 1988 година, правосуден испит положил 1992 година. На сегашната должност адвокат е од 1992 година".

Бидејќи има претставник на Јавното обвинителство, јас би прашал врз основа на сите овие претходни толку тешки изнесени заклучоци врз кои ние како пратеници треба да донесеме одлука, кое е позитивното мислење на Јавното обвинителство и каде господинот Елези Ферат се покажал во Јавното обвинителство за да го добие ова место пред многу други луѓе кои работат во Јавното обвинителство и кои не добиле апсолутно никаква шанса. За што се работи? Се работи за стручњак кој во областа на Јавното обвинителство има постигнато големи резултати. Па еве, сега се прекина седницата, утре треба да продолжиме во однос на донесувањето на уставните амандмани, донесуваме уставни амандмани каде што фелата треба да говори за Јавното обвинителство и вие се дрзнувате денес ова ние да го излгасаме, овој господин да го назначиме за заменик на јавен обвинител, со тоа што нивниот избор е траен и после тоа ќе кажуваме дека ние со овие чекори се приближуваме кон Европа,веќе сме на прагот на Европската заедница и не знам со кои уште закони ќе дојдеме многу поблиску до неа. Мислам дека начинот на кој што во овој момент предлагате 15 заменици на јавни обвинители, а веќе ги донесуваме амандманите со важност за да можат да бидат избрани, јас не знам која е состојбата во моментот во Јавното обвинителство, но уште еден фрапантен податок кој што излезе од ова како материјал го добив како пратеник и успеав да го прочитам, од 15 заменици јавни обвинители и овие што вие ги предлагате тука, барем 9 од нив биле на местата на кои се денес избрани на 14 април 1998 година, значи пред едни повторни избори сега повторно се избираат на места од кои повеќе никој апсолутно никогаш нењ ќе може да ги промени. Покрај сета моја желба да верувам дека ова што го доставивте е точно тоа што треба да биде, можеби вие имате некое седмо сетило кое ние пратениците го немаме и токму за овој кандидат го избравте како најпогоден за да можеме да го гласаме за заменик на јавен обвнител на Вишото јавно

обвинителство во Скопје, ни помалку ни повеќе, ни на основен ни на некој друг суд, туку на Вишото јавно обвинителство во Скопје, мислам дека лично како пратеник ќе гласам против и уште еднаш повикувам, доколку работиме на уставни амандмани и доколку сакаме да се приближиме таму каде што претходната расправа ја водевме, барем во таа ситуација имавме состојба во која никој не спореше за стручноста на предложениот кандидат, во овој случај јас ќе спорам и за стручноста и за она што тој го има направено досега, во фелата на Јавното обвинителство нема направено ништо. Затоа, јас ќе гласам против. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари, барате реплика или збор?

Повелете, имате реплика 3 минути.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Имајќи го предвид тоа што го рече пратеникот Спиро Мавровски, јас сум длабоко убеден дека и покрај тоа не стои зад тие зборови кои ги искажа, бидејќи како пратеник знам дека прашањето на именување обвинители се прави во согласност со Законот за обвинители. Во Законот за јавните обвинители постои одредба која предвидува услови кои треба да се исполнат за да може еден кандидат да се именува за обвинител. Доколку се анализираат тие одредби со биографијата на кандидатот, можеме да дојдеме до заклучок дека се говори за еден кандидат кој во целина ги исполнува условите, бидејќи има одлична биографија со 15 годишно работно искуство.

Сакам да го информирам господинот Мавровски дека станува збор за еден кандидат кој 1988 година, 4 години беше соработник во Основниот суд во Гостивар и по полагањето на правосудниот испит како адвокат се занимава 13 години со тоа, каде и ден денес работи. Пред се, сакам да ве информирам дека се смета меѓу најдобрите адвокати во Гостивар и во текот на расправата на седниците на комисиите беше даден извештај за кандидатот, беше речено дали ги исполнува или не условите, при што беше меѓу најдобрите кандидати за функцијата за која е предложен.

Јас сум длабоко уверен дека господинот Спиро Мавровски ќе го поддржи ова што го велам. Тој повеќе ја одбива кандидатурата на овој кандидат, бидејќи се говори за еден албански кандидат. Но и покрај тоа, кога се говори за професионалност и стручност, мислам дека треба да се поддржи ова што го кажав јас.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика, господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Почитуван колега, сите одлуки ги носам сигурно претходно разгледувајќи ги овие материјали што како и вие ги имаме во Собранието на Република Македонија. Апсолутно не ми пречи дали некој е албански кандидат или не е албански кандидат. Но од сите овие 15 предложени моментално само господинот Елези Ферат е адвокат, а сите други доаѓаат од Јавното обвинителство. За жал или за среќа, во секој случај, јас кажувам повторно дека ќе гласам против, затоа што во Вишото јавно обвинителство ако нема никој подобар за да може да се избере, освен адвокатот од Гостивар за кој што вие тврдите дека е добар, а јас човекот не го познавам за да тврдам дали е добар или не е добар, а ова што претставува негова биографија, и покрај тоа што има само 10 секунди, ќе ја повторам уште еднаш: Роден е на 4.12.1963 година во село Дебреше-Гостивар, дипломирал на Правниот факултет во Приштина 1988 година, правосуден испит положил . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Вејсели, имате збор.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам господине претседател.

Ние, всушност јас сум длабоко убеден и не очекувам господинот Мавровски да гласа за некој албанец, не се сеќавам во неговата парламентарна историја, веќе 3 години е во овој Парламент и не верувам дека гласал за некој можен албански кандидат во обвинителството или судството.

**Љупчо Јордановски:** Ако сакате да реплицирате, побарајте реплика.

**Абдулади Вејсели:** Не, јас имам збор.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете тогаш.

**Абдулади Вејсели:** Меѓутоа, не може да бидам инфериорен кон тоа што го кажа тој.

Благодарам господине претседател, јас ќе продолжам со предлогот. Околу предлогот немам некој посебен став за истиот и затоа сакав поширoко да говорам и да направам некоја дигресија, бидејќи не можам да говорам за конкретниот предлог затоа што немам ништо против ниту еден кандидат кој што се предлага од страна на Владата за тие што се во обвинителството и судството, затоа што ние не можеме да дадеме компетентно мислење. Имено, не ги познаваме истите лица. За конкретниот случај да кажам дека го познавам тој човек, тој е компетентентен, надлежен и професионалец во својата работа. Тоа е тоа што во целина можам да го кажам и воопшто, но не ги познавам другите кандидати што се предложени од страна на Владата. Секако и Владата го имала предвид Законот, земени се предвид и мислења од обвинителите и Советот на обвинители и на пратениците им останува, додека се направат новите уставни измени Парламентот да ги верификува кандидатурите што се предложени во Републичкото собрание. Меѓутоа, веднаш се гледа јасно од предлозите што произлегуваат од страна на Владата дека сеуште не се почитува тоа што е поставено како задача пред нас или кажано подобро моделот на функционирање на консензуалната демократија. Мене ми е многу жал што во Обвинителството јавниот обвинител и неговите заменици, на пониско или повисоко ниво на обвинителството или во градските обвинителства, слободно можам да кажам дека сме 97 спрема три проценти во прилог на етничката заедница која е мнозинство во Република Македонија и слободно можам да кажам дека Албанците се застпени само со 3%.

Одтука, давам предлог во иднина сите нови места кои ќе се ослободат да се направи максимален напор, да се почитува Уставот на Република Македонија за правично и соодветно застапување на Албанците во оваа институција. Сега видов и зачуден сум како може во Куманово заменик обвинител да се предлага

повторно кандидат од македонска етничка заедница кога слободно можеме да кажеме дека и обвинителот и неговите заменици во Куманово се Македонци. Дали оваа институција ќе биде еднонационална и нема да има правична и соодветна застапеност, односно нема да има претставници од другите етнички заедници. Ова се случува во Дебар, ова се случува во другите градови каде што има можност да се подобри актуелната ситуација која владее токму во обвинителството во Република Македонија.

Затоа, ќе нагласам, во текот на утрешниот ден кога ќе се одржи продолжението на седницата за уставните измени, предлагаме како ПДП обвинителот да се избере, освен од општиот број со мнозинство гласови, да се избере, да влезе во функција и моделот на функционирање на консенсуална демократија или почитување на принципот на Бадинтер, јавниот обвинител да се избере преку механизмот на Бадинтер, начелото на Бадинтер, меѓутоа, не само обвинителот туку и неговите заменици на републичко ниво и хиерархијата како што тече надолу дури до општинските обвинителства, за да се има предвид ова прашање да се уреди со устав, а не со закон. Принципот на Бадинтер на овој начин може да дојде до израз. . .

**Љупчо Јордановски:** Сите дигресии ги потрошивте, привршувајте. Дали завршивте?

**Абдулади Вејсели:** Не, има многу за зборување, меѓутоа . . .

ЛП/ЛБ 116 - 00

**Љупчо Јордановски:** Е, па, трите дигресии завршија, господине.

Господине Мавровски се јавивте за реплика или имате збор? Не важи тоа правило што бевте спомнати, меѓутоа дали имате реплика ве прашувам.

Три минути реплика за пратеникот Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Мислам дека во својот говор апсолутно колегата пратеник ги поддржа сите мои ставови, атоа дека некој кандидат ќе биде од македонскиот народ или од македонците од албанско етничко потекло при изборот, тоа е она што вие кажувате дека го цените од една страна Јавното обвинителство, но би сакале сите овие 15 кандидати да бидат македонци од албанско етничко потекло. И, тука е нашата разлика во ова што го гледаме. Затоа, што без разлика кој како ќе биде предложен треба да ги задоволува основните критериуми за да биде јавен обвинител. Овде не се работи за фудбалска екипа, па ќе поставиме тројца или четворица. Мислам дека ова што го говорам, го говорам во контекс на тоа доколку има добри кандидати тие да се избираат. Не е прашање на време за месец или два, можеби и години, но треба да се добие квалитет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Да ве потсетам дека можеби во преводот не можеш да разбереш тоа што сакам да го кажам. Да те потсетам дека Рамковниот договор е потпишан во 2001 година, уставните измени се донесени исто така во 2001 година и тие ако не ги почитуваме ние, незнам кој друг треба да ги почитува. А, знаеше дека единствен политички критерум за влез на Македонија во Европската Унија е завршување на Рамковниот договор во одреден рок и почитување на тој договор. Значи, практична примена на тој договор. А, ти мене уште еднаш кажи ми дали си согласен во Куманово јавните обвинители и замениците сите да бидат од македонската етничка заедница. А, јас знам дека ти си тоа, меѓутоа јас не се согласувам со тебе и затоа сум во Собрание како претставник на една заедница да ги претставувам интересите , за да бидеме подеднакво застапени таква каква што е структурата на населението во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо претставник на Јавното обвинителство, имате збор, повелете.

**Роксанда Крстевска:** Во Јавното обвинителство на Македонија работат тројца колеги албанци, виш обвинител на Вишото обвинителство во Скопје е албанец. Во Основното јавно обвинителство во Куманово при огласот е јавен само еден кандидат кој не ги исполнува законските услови . При големиот избор што се изврши во 2003 година во Основното јавно обвинителство во Скопје се јави само еден кандидат кој беше избран. Во Основното јавно обвинителство во Дебар основен обвинител е албанец и едно место заменик е македонец.

Според тоа мислам дека Јавното обвинителство во принцип секогаш се раководи, прво, од квалитетот на кандидатите кои што се јавуваат, притоа секако дека ги имаме предвид и кандидатите кои што се пријавуваат од другите малцински заедници. Мислам, заради добробит на нашата институција која што функционира прилично мултиетнично ваков вид на дискусии и определувања, крајно непожелно ќе се одрази во нашата понатамошна работа.

Инаку, тоа е бројката и во ниеден момент нашите определувања не биле ниту против едни, ниту против други. Најпрво, да се задоволат елементарните квалитети за некој да може да биде заменик на јавен обвинител. А, во Куманово ситуацијата беше таква и овој кандидат кој што е сега на листа, тоа е реименување, бидејќи тој веќе шест години работи како заменик обвинител. Значи, тоа не е некое ново работно место.

**Љупчо Јордановски:** Господине Вејсели, имате реплика повелете.

**Абдулади Вејсели:** Воопшто немаш аргументи и јас не прифаќам ваква реплика, меѓутоа, морам да реплицирам дека воопшто не сте искрени пред пратениците во Собранието на Република Македонија. Ве молам, претставник на Јавното обвинителство кажете во проценти колкава е застапеноста на албанците во Обвинителството во Република Македонија, почнувајќи од Републичкото до локално. Вие ни кажувате имиња и бројки. Меѓутоа, кога ќе видите процентуално, ќе видите дека не е повеќе од 2 или 3%. Што работело Обвинителството три години да едуцира кадри и од албанската заедница. За вас се неприфатливи такви кадри. Вие секогаш сте ги

игнорирале како Обвинителство во Република Македонија. Во 2002 година е извршен избор на обвинители и нивни заменици во Република Македонија. И не се најде за потребно во Куманово, зарем нема во Куманово правници, кои се професионални и се надлежни да ја извршуваат таа функција. А, за кандидатот за кој вие зборувате дека се реименува, јас немам ништо против кандидатот и тука не се замнимавам со кандидати, а воопшто и немам против ниеден кандидат кој е предложен од страна на Владата или кој има мислење и Советот на обвинители и тн. Меѓутоа, за мене е едно, дали ние ќе го пожитуваме сопствениот потпис што сме го ставиле како политички партии, парламентарни, вонпарламентарни, како институции на државата во Република Македонија. Кога ќе почне Рамковниот договор и уставните измени во Република Македонија да се почитуваат и во институцијата Јавно обвинителство.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Се работи, да не заборавиме од каде тргнавме, оти тој Рамковен договор секаде го пикаме и кој треба и кој не треба, и каде треба и каде не треба, значи на дневен ред имаме избор на заменици на јавни обвинители и конкретно се работи за лицето Елези Ферат адвокат од Гостивар.

И, сега да потсетам, Јавното обвинителство е орган на државата кој ги гони сторителите на кривичните дела. Да не заборавиме што е основната функција. Значи, не навлегувам во правична и соодветна застапеност на заедниците. Правиме уставни измени, во кои бараме Јавното обвинителство да си ја врши функцијата што му е дадена со устав и ќе му биде дадена со закон со сите измени кои ќе дојдат. Значи, да се зборува за стручност и компетентност, јас тоа го зборувам и при говорот за Нацрт-амандманите кога беа за Судскиот совет и оние што ќе дојдат за Јавното обвинителство. Значи, се зборува за стручност и компетентност, Она што го кажа претставникот на Јавното обвинителство и она што го зборуваше колегата Абдулади Вејсели, мене ме доведува во заблуда. Сега ние за да го имплементираме Рамковниот договор, иако според мое мислење тој е дефинитивно имплементиран. Значи ги предлагаме кандидатите за заменици и јавни обвинители сеуште по принципот на соодветна и правична застапеност на заедниците. И, пак ќе повторам, каде е принципот на стручност и компетентност. Овој кандидат не го знам кој е, бил адвокат до сега и тоа од 1992 година до сега е адвокат. Не ги знам односно не навлегувам во неговата стручност, способност и компетентност, меѓутоа адвокатурата е еден сегмент од правосудниот систем.Но, Јавното обвинителство е сосема друг орган. Сите останати, почитуван претседателе, се или заменици или советници во Вишо основно обвинителство господинот е адвокат кој, не заради принципот на стручност и компетентност што го потврди и претставникот на Јавното обвинителство, туку заради соодветна и правична застапеност ние го ставаме како кандидат. Во тој дел ми беше дискусијата.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, немојте да вметнувате зборови во уста на некој друг и да ги интерпретирате. Тоа не го кажа претставникот.

**Марија Којзеклиска:** Внимавале, претседателе, на правична и соодветна застапеност, како не кажа претставникот?

**Љупчо Јордановски:** Не го кажа тоа претставникот дека само заради тоа. А друго би ве прашал, тие што сега се заменици, што биле пред да бидат заменици? Исто така биле заменици? Со самото раѓање биле заменици?

**Марија Којзеклиска:** Советници...

**Љупчо Јордановски:** Со самото раѓање биле заменици и советници?

**Марија Којзеклиска:** Не биле.

**Љупчо Јордановски:** Па според тоа некој треба да влезе и да почне со нив.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе, биографијата на другите гледајте ја, а гледајте ја и биографијата на соодветниот кандидат.

**Љупчо Јордановски:** Сакам да кажам дека биографијата на другите почнала од некој си Правен факултет што го завршиле, па влегле како адвокати во тоа. Сега се тоа што се.

**Марија Којзеклиска:** И сега се сеуште адвокати.

**Љупчо Јордановски:** Јас ја прекинувам расправата тука и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има толку нелогични констатации што нема потреба понатаму да расправаме.

Ја заклучувам расправата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Предлогот Ферат Елези да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 57 гласале за, 3 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Ферат Елези е именуван за заменик ја Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Методи Иванов да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор,го заклучувам претресот.

Предлогот Методи Иванов да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 60 гласале, 57 за, 3 возржани, нема против.

Констатирам дека Методи Иванов е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Штип.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Златко Биковски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Берово.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор и го заклучувам претресот.

Предлогот Златко Биковски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Берово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 58 гласале, 56 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Златко Биковски е именуван за Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Берово.

Отворам претрес по Предлогот Стојче Миланов да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор и го заклучувам претресот.

Предлогот Стојче Миланов да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 58 гласале, 55 за, 2 воздржани, и 1 против.

Констатирам дека Стојче Миланов е именуван за Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за именување заменици на јавни обвинители на Основните јавни обвинителства во Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Куманово и Скопје.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Ивица Ефремов да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ивица Ефремов да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 54 гласале, 52 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Ивица Ефремов е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес.

Отворам претрес по предлогот Абдулбари Рамадани да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Гостивар.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Абдулбари Рамадани да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 54 гласале, 53 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Абдулбари Рамадани е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Гостивар.

Отворам претрес по предлогот Петко Василевски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Петко Василевски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По втор пат многу малку гласале, па затоа служббите нека го утврдат бројот. 52 е многу далеку од 61.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Значи, 52 гласале, 51 гласале за,нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Петко Василевски е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар.

Отворам претрес по предлогот Митко Атанасовски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Митко Атанасовски да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Митко Атанасовски е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

Отворам претрес по предлогот Елизабера Мишева-Јорданова да биде именувана за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Елизабета Мишева-Јорданова да биде именувана за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 55 гласале, 55 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Елизабета Мишева-Јорданова е именувана за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

ПЈ/НД 116 - 00

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по предлогот на Манка Јаневска да биде именувана за заменик на јавното обвинителство во Кичево.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Манка Јаневска да биде именувана за заменик на јавниот во Основното јавно обвинителство во Кичево, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Манка Јаневска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кичево.

Отворам претрес по предлогот на Драган Арсовски да биде именуван за заменик на јавно обвинителство во Куманово.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Драган Арсовски да биде именуван за заменик на јавното обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 56 гласале, 27 за, нема воздржани, 29 против.

Констатирам дека Драган Арсовски не е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Отворам претрес по предлогот на Спасенка Андонова да биде именувана за заменик на јавнот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Спасенка Андонова да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 52, воздржан еден, нема против.

Службите нека го утврдат бројот на пратеници во салата.

Во салата беа присутни 63 пратеници. Според тоа резултатите од гласањето се валидни.

Значи гласале 53 пратеници, 52 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Спасенка Андонова е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје

Отворам претрес по предлогот на Гордана Ѓешкоска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Гордана Ѓешкоска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на јавно обвинителство во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 53 гласале, 53 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Гордана Ѓешкоска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје

Отворам претрес по предлогот Коле Штерјев да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Коле Штерјев да биде именуван за заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 54 гласале, 54 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Коле Шртерјев е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.**

Предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител ви е доставен,

Согласно Законот за Народниот правобранител за замениците на Народниот правобранител се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да име мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пауза до 15,00 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

Ги молам сите пратеници да седнат на своите места.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците присутни во салата)

Збор има господинот Рафис Алити, ве молам.

Да се слушнеме.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Ние, како Парламентарна група и јас, предлагаме точката 9 од дневниот ред да биде како последна точка на дневниот ред.

Барам поддршка од 10 пратеници за овој предлог.

**Љупчо Јордановски:** Има ли 10 пратеници?

(Пратеници креваат рака)

Има 10 пратеници.

Службите нека го утврдат бројот, да видиме дали има 61 пратеник за да почнеме со гласањето.

(Службите го утврдуваат бројот)

Точно имаме 61 пратеник.

Предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител, што е деветта точка, да биде последна точка што е во согласност со Деловникот, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 54 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Минуваме на точката 10.- Предлог за именување на заменик на директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зоран Пандев да биде именуван за заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 56, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Зоран Пандев е именуван за заменик на директорот на дирекцијата за заштита на личните податоци.

**Минуваме на точката 11. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија/**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

56 пратеници од 61 пратеник гласале, од нив 55 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 12. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, гласале 57 пратеници, 55 за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 13. - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Скопје 1 - Скопје и Битола.**

Предлогот на одлуката Ви е досталвен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да глалсаме.

61 пратеник гласале, 60 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Чудна ситуација, идат ратификации, треба да имаме претставници на Влада.

(Дофрлање од место - ако побара опозицијата).

Опозицијата бара?

Не бара.

**Минуваме на точката 14. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владта на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка во обласна на информирањето, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка во областа на информирањето.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 60 гласале, 58 гласале за, нема воздржани, двајца против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 60 гласале, 56 гласале за, 3 воздржани, еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 60 гласале, 58 за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 15. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка на железничкиот транспорт, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за соработка во областа на железничкиот транспорт.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласале, 62 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дли Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, барем претходно колку што гласале, бидејќи никој не излегол, 58 гласале, 57 за, еден воздржан нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

СС/ЛЈ 116 - 00

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 16 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Во врска со оваа ратификација на Комисијата за транспорт и врски побаравме додатно објаснување од господата од Министерството за надворешни работи, затоа што ни беше презентирано дека ова е нешто како тимска ратификација, но за жал, токму со Босна и Херцеговина се случи оној несреќен инцидент, загинувањето на претседателот на Република Македонија и мислам дека таквите ситуации екстремни покажаа дека можеби овие ратификации се во ред, во однос на воздушниот сообраќај, но ова што треба посебно да се договори, дај Боже никогаш да не се повтори повеќе, но видовме дека настана една тотална конфуција во дејствувањето на нашите органи во однос на Босна и Херцеговина и во однос на Република Македонија и затоа предлагам претставникот на Владата, или претставникот на Министерството за надворешни работи евентуално со анекси да можат овие договори тимски што до сега се потпишале, еве тоа лошо искуство да го пренесеме во она што треба да функционира како закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема друг пријавен за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници гласале 59, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници гласале 55, 54 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Преминуваме на претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника гласале 59, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, образовна и научна соработка меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна, образовна и научна соработка меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника 58 гласале, 56 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника гласале 50 пратеника, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за унапредување и реципрочна заштита на инвестиции, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за унапредување и реципрочна заштита на инвестиции.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 63 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Господине Аднан Јашари барате збор?

Шпански знаете?

**Аднан Јашари**: Не, не знам шпански, меѓутоа, имам начелна забелешка господине претседателе, затоа што доколку прочитате внимателно во членот 19, се зборува за Спогодба меѓу Владата на Република Македонија, додека вие претседавајќи, кажувате во дневниот ред Владата на Македонија, речено накратко. Се говори за неусогласеност. Има неусогласеност во термините.

**Љупчо Јордановски:** Тоа што ние ќе го изгласаме, јас прочитав овде во дневниот ред Македонска Влада, така е овде во дневниот ред ставено. Меѓутоа, битно е она што ние ќе го изгласаме. Таму стои Владата на Република Македонија. Овдека стои Македонска Влада, но во членот можеби стои поинаку. Ние не ја гласаме почетната страница, ние гласаме што е внатре напишано. За тоа грижа си води Владата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклуувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 63 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за образовна, научна и културна соработка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за образовна, научна и културна соработка.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 65 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64, 64 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 66 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 20 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни , 60 гласале, 60 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64, 64 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за економска, комерцијална и техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Катар, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за економска, комерцијална и техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Катар.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеници гласале 60, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, гласале 58, 57 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеника, 57 гласале, 56 за, 1 воздржан, нема против.

Констарирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за економска, комерцијална и техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Катар.

**Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 пратеника, гласале 63 за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлоот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеника гласале 57, 57 за, нема воздржан, нема против.

Коснтатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 57 гласале, 56 за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Завршивме со така да речам, процедуралниот дел, преминуваме на законите.

**Љупчо Јордановски: Минуваме на точката 23 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанството на Македонија, Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија , во државна сопственсот.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 3 по членот 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Спиро Мавровски, Ѓорѓи Трендафилов, Блаже Стојаноски и Драго Шајноски поднесоа амандмани за бришење на член 1 и на член 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Ѓорѓи Трендафилов, Блаже Стојаноски и Драго Шајноски.

Кој бара процедурално?

Повелете господине Караџоски имате процедурално, таков е Деловникот, сега ви дава збор процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, имаме потреба од консултација во пратеничката група да направиме нов распоред на седење, да се знае кој е опозиција овде.

Бараме еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Јас сум известен дека можеби и Комисијата за економски прашања би требало да ја погледа оваа работа, ако има желба.

(Пратениците бараат да се прекине седницата).

Не, имаме уште многу работа.

Од мене 15 минути, во 16,00 продолжуваме.

Ако Комисијата има потреба да го погледа, нека го погледа.

Во 16,00 часот продолжуваме.

(Дојде до мала забуна околу часот)

Јас се извинувам, но десетина ратификации прочитав, вам ви е полесно, вака ќе кажам на англиски (претседателот го кажува часот на англиски).

(Пауза од 15 и 45 - до 17,01 часот).

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, мислам дека почнавте со амандманска расправа, па очекував министерот да се произнесе, можеби ќе го прифати амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Ѓорѓи Трендафилов, Блаже Стојаноски и Драго Шајноски.

Има збор министерот за економија.

Повелете господине Фатмир Бесими.

**Фатмир Бесими:** Благодарам, јас сакам да кажам дека амандманот не го прифаќаме, гледам дека е пријавен господинот Мавровски за дискусија, па потоа ќе образложам зошто не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Значи, да слушнете аргументи и коментари.

Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги.

Еве пред нас го имаме Предлогот за донесување, по итна постапка, законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанството на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, со Предлог на закон.

Истиот е поднесен по итна постапка, датумот на кој ние како пратеници го добивме или Парламентот го доби на 15.11.2005 година. До тука е се во ред, она што министерот сакаше во своето објаснување за итноста да ни објасни, мислам дека апсолутно со овој закон што го наведувате тука нема допирни точки затоа што ако веќе ова го поднесувате ќе требаше да поднесете и нешто друго затоа што во самото образложение кое го дава претседателот на Владата на Република Македонија стои дека Владата предлага Собранието овој закон да го донесе по итна постапка заради отпочнување на тендерската постапка за приватизација на АД ЕСМ, а потоа и за решавање на имотно-правните односи на другите субјекти односно на АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и АД ТЦ-Неготино.

Вака убаво срочено во брзањето на Владата да ни го достави што побрзо овој закон се направи една, барем за мене, поголема грешка и по три дена од ова што ни го доставивте на 18.11.2005 година Владата амандмански интервенира на овој закон, а потоа ќе ги запознаам и колегите пратеници што не го виделе и граѓаните на Република Македонија. Овој закон се состои од два члена. Владата интервенира амандмански на 18.11. 2005 година со уште еден амандман, значи по членот 2 се додава членот 3 кој гласи: "овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".

Значи, од толку брзање се заборави дека законска обврска на Владата е дека законот кој го донесуваме треба да биде и во важност. Вака како што го имавте дадено по итна постапка, ако беше закажана седница можеби ќе му текнеше на некој можеби не, но така ќе поминеше и во расправата во Парламентот, за жал.

Е, сега, господине минситре јас кажав вие сте трет минситер на кого му падна среќата или несреќата да учествувате во приватизацијата на ЕСМ, е една од непријатните работи која треба да ја завршите е токму овој закон кој е пред нас пратениците, се вклучувам и самиот себе во донесувањето на оваа одлука, мислам дека ќе направиме огромна грешка, без разлика што Владата мисли дека приватизацијата ќе може да биде завршена во еден тајминг крајот на март, ние прво треба да знаеме дека законски стоиме на една ситуација каде 6 месеци пред избори не ќе може да се продава апсолутно ништо, а не еден ваков објект кој има огромно значење за Република Македонија, мислам дека уште на старт правиме грешка затоа што и начинот на кој се тргнува во она што значи образложение и она што значи закон што вие тука го нудите, мислам дека ќе направи една голема збрка, еден хаос како во катастарското евидентирање на имотот и во она што е основно при приватизацијата, а јас мислам дека е тоа основно, дека Република Македонија и ЕСМ треба да има, како што кажавме, некој бенефит, некоја добивка од продажбата на деловите од преобразеното ЕСМ.

Со овој закон, точно на законот, затоа што со овој закон како што го имате понудено ќе дојдеме до една многу лоша ситуација. Зошто е тоа така? Затоа што ќе се случи она што ќе го добиеме како цена за вредноста на дистрибуција на Република Македонија може да биде помала од она што некоја друга влада на Република Македонија ќе треба да плати за земјиштето и објектите кои сега не се во владение на Република Македонија или се во владение затоа што вие имате доставено во тој член 1 некои толку недефинирани два става што еден со друг апсолутно не кореспонидраат и што може да донесе до ситуација плаќањето на објектите и земјиштето да чини многу повеќе отколку она што ќе го добие Република Македонија за дистрибуцијата која сакаме да ја приватизираме или со други зборови да ја продадеме.

Врз основа на ова што ни го предлагате како причини за донесување на законот, кажувате со оглед на досегашната несредена состојба со правата на недвижностите на ЕСМ АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост со предложените измени се нуди брзо и ефикасно средување на до сега не решените имотни права и прецизно евидентирање и запишување на правата на недвижностите на АД ЕСМ или друштвата основани од него и АД МЕПСО.

Сега, господине минситре ќе ве прашам, ако ова беше толку лесно со еден член од законот да интервенирате со тоа што ќе промените еден став или ќе го додадете ставот 5-а како што имате направено со овој закон, јас не знам што работеше раководството на ЕСМ, што работеше оваа Влада во претходните триипол години за да стигне денеска по итна постапка да ни го понудите ова и да кажете ова е многу едноставно и лесно решение со кое сите ќе бидеме задоволни и апсолутно нема да има никаков проблем за тој што ќе конкурира и на кој ќе треба да му продадеме земјиште кое што нема да знаеме чие е, или ќе биде на сопственик кој утре ќе покрене, незнам каква иницијатива пред Уставниот суд или пред било кого и ќе биде во право, апсолутно, државата, затоа што државата е сега гарант и пренесувањето на имотот на ЕСМ ќе треба имтоно-правните односи да ги решава државата Република Македонија.

(Во 17,10 часот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господинот Слободан Најдовски).

Тука апсолутно, ако вака се решаваа проблемите и ако со еден член и интервенција во еден став од законот вие имавте решение, јас се чудам триипол години што имаше толку големи проблеми да се носи закон за преобразба, да се носат некои членови во кои повторно приватизацијата беше само во еден член за кој имаше многу оспорувања од опозицијата, но вие тоа го

поминавте и од тогаш имате неколку измени само на поодделни членови од тој закон, но суштински апсолутно не се во контекст на она што беше закон за преобразба. Мислам дека тука е големиот проблем кој понатаму Република Македонија и идните влади на Република Македонија во основа граѓаните на Република Македонија ќе ги задолжиме со средства за кои тие очекуваат бенефит од продажбата на ЕСМ или корист, како што кажува госпоѓата Каролина Ристова, но од тоа наместо корист ќе имаме штета, едно задолжување кон граѓаните и сите ние тукакако пратеници ќе бидеме ставени во ситуација да сме луѓето кои ја донесуваат долуката, за жал. А, вие, не знам.

Основни начела на кои се заснива законот почнувате законитост. По сето ова што го зборував мислам дека има големо прашање дали е ова законито и мислам дека на Уставен суд каде следи барање за оценување на уставноста на овој закон, мислам дека ќе падне, тука апсолутно нема законитост.

Говорите за објективност. Што со останатите имоти и рамноправноста на граѓаните и правните субјекти пред законот и пред Уставот. Мислам дека на овој начин, вие правите нешто на кое што може утре да се повика било кој, затоа што веќе наредниот закон за катастар е поврзан токму со ова и 13 или 18 илјади објекти да бидат префрлени во текот на еден ден и да имаат сега сопственик во владение и ние сите како невини бебиња овдека и да гледаме дека тоа се случува пред наши очи и дека тоа може слободно да биде продадено, затоа што е најден модус како сето тоа да се заврши и како од утре сите овие објекти кои што се проблем, затоа што и самите кажувате дека понатаму во образложението кажувате многу добро дека со предложеното решение се предлага правна рамка која овозможува брзо и евикасно средување на досега нерешените имотно-правни односи и евидентирање и запишување на правото на сопственост на недвижностите на АД ЕСМ или неговите правни наследници АД МЕПСО.

Значи, повторно, апсолутно незаконито.

Транспарентност. Ако е транспарентно, мислам дека тука многу пати се обидовме, се организираа многу тркалезни маси на кои се говореше токму за ЕСМ за приватизацијата и ова е сега донесување на закон по итна постапка. Ова никој не го гледаше, за жал, ниту Комисијата за економски прашања не успеа да го гледа ова затоа што ни беше кажано дека законот е по итна постапка, требаше денеска во оваа пауза да се одржи еден таков состанок на Комисијата за економски прашања и да го разгледуваме овој закон, но еве од колегите од Комисијата и да го разгледувавме ќе дојдевме пак во истата ситуација, само ќе долеавме, што се вели, масло на огнот.

Затоа, еве тука, во една дирекна расправа со министерот, мислам дека ќе има можност и сили да го образложи сето ова што го има дадено.

Значи, транспарентност нема, апсолутно затоа што закон се носи по итна постапка без да го гледаме ние како пратеници во Парламентот, а да не говорам за граѓаните и за она што значи јавност во Република Македонија во смисла на оние што се стручни и кои до сега многу пати се произнеле по многу прашања во однос на Електростопанството.

Се согласувам со последното начело посебност на прашањето уредено со овој закон. Посебноста е продажбата на ЕСМ и тука апсолутно не сакам да спорам, тоа го кажувате, тука сте потполно во право.

Предлогот за донесување по итна постапка, на законот, е образложен со тоа што е по итна постапка заради отпочнување на тендерската постапка за приватизација на АД ЕСМ и потоа за решавање на имотно-правните односи на другите субјекти односно на АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и АД ТЕЦ-Неготино.

Значи, итноста е заради отпочнување на тендерската постапка.

Е, сега, јас ќе ве потсетам господине министре оваа итност на оваа постапка требаше да биде некаде септември 2005 година. Од донесувањето на Законот за преобразба на ЕСМ помина повеќе од една година и неколку месеци, сега цело време добиваме некакви информации кога ќе почне тендерот, кога ќе биде распишан и последното што се врти низ медиумите е тоа дека овој тендер треба да биде распишан на 9 декември. Денеска е 6 декември, Боже здравје, ќе треба да биде во петок објавен тендерот. Ако е така, а бидејќи се повикувате на Законот за преобразба на ЕСМ каде има менување на член или додавање, јас би ве потсетил на членот 7 каде се кажува за приватизацијата каде апсолутно ништо не говорите за овој начин на тендер, сега се изнесуваат некакви услови во кои треба да има компанија која сака да го купи ЕСМ со вредност од половина милијарда, па да има и други вредности, но сето ова во Законот на кој се повикувате и Законот кој го менувате, апсолутно не ни давате информација дека има промена во Законот или тоа е само моментална ваша одлука или на Владата или на ЕСМ и на овој начин вие си земате за право да изменувате комплетен Закон.

Но, во секој случај еве дојдовме да проговориме за членот 1 кој се состои од 3 става. Сега ќе се обидам да бидам јасен, но тешко, затоа што има голем дел од пратениците не им стана јасно што всушност тука се нуди со овој закон и какво е ова решение кое од утре ќе ни донесе чиста ситуација во Република Македонија .

Членот 1 гласи: Во Законот за преобразба на ЕСМ Друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост "Службен весник на Република Македонија " број 19/04 по членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи: "членот 5-а став 1, правата на сопственост на недвижностите и тоа објекти и земјишта кои пред преобразбара биле во владение на АД ЕСМ, а во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите биле, ова треба да го запаметиме, биле евидентирани и запишани на име на Република Македонија независно од фактот на евидентираниот корисник на земјиштето и објектите, а кои со преобразбата и планот за поделба припаднале на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите ќе се евидентираат и запишат на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на

друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО врз основа на планот за поделба на истите".

Овој став е една реченица, сето ова што ви го прочитав е една реченица со неколку запирки и тука колку разбравте, не знам, затоа што вака евидентирани или неевидентирани во Електростопанство, припадност на Електростопанство или на Република Македонија ние во меѓувреме со Законот за преобразба стигнавме до формирање до 4-5 нови друштва и секое од тие друштва нормално, како што кажуваме, треба да си има поделеност меѓу себе, значи поделеност од финансиски аспект, поделеност од она што е нивна сопственост во однос на објекти, во однос на земјиште и во однос на се друго што дели еден правен субјект од друг правен субјект и на крајот на краиштата плаќањето меѓу нив да функционира на тој начин што тие ќе бидат правни субјекти еден кон друг.

Ние сега говориме за нешто што треба се повторно да префрлиме на АД ЕСМ, а со делбата на АД ЕСМ овие работи кои биле во владение на државата Република Македонија да бидат префрлени на АД ЕСМ или на било кое друштво што ние од сега натаму со ред ќе ги продаваме. Тоа е првиот став.

Вториот став што е уште малку понезгоден од првиот, правата на сопственост на објектите кои пред преобразбата биле во владение на ЕСМ, а во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите не биле, значи овие не биле евидентирани и запишани на име на Република Македонија, а кои се изградени на земјиште во сопственост на Република Македонија независно од фактот на евидентираниот корисник. Значи, независно од фактот кој е корисникот на земјиштето, а кој со преобразбата и планот за поделба припаднале на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО во катстарот на земјиштето и катастарот на недвижностите ќе се евидентираат и запишат на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО врз основа на планот за поделба на истите.

Значи, ова е вториот став, втората реченица со многу запирки и она што било и она што не било во владение или прикажано дека е сопственост на Република Македонија со овој закон вие го решавате проблемот и се станува сопственост на АД ЕСМ. Вие тука можете да продавате, но кажувате без фактот на евидентираниот корисник, значи може да се случи многу трафостаници кои се градени со месген самопридонес, многу трафостаници во згради, ќе се појават многу сопственици или земјиште на кое е изграден далекувод или незнам што друго, ќе се појават многу сопственици кои ќе си ги побараат правата на своето земјиште.



**Спиро Мавровски: (Продолжение)**

Приватноста во Република Македонија е основен услов и по Уставот и тука апсолутно нема да има никаков проблем тие на суд да ги добијат овие спорови со државата со Република Македонија и после тоа сето ова ние да бидеме виновниците дека се случило и дека сега имаме ситуација во која што овие објекти имаат нов газда, тоа е оној што ќе ја приватизира дистрибуцијата и понатаму акционерското друштво ЕЛЕМ, или термоцентралата "Неготино", или незнам уште кој друг и наеднаш државата ќе треба тие спорови и оние средства кои што треба да ги плати сигурно со камати да испадне наместо во добивка или корист, како што кажа колешката, да биде во загуба. Сега дали во овој момент е така, дали некој размислува така, или размислуваме на тендерот на 9 декември за кој што повторно ќе прашаме за условите, ќе ве потсетам после со членот 7 кој што го менувате што кажува тој член и како сте предвиделе тогаш да стигнете во ситуација да го продавате Електростопанство или да ја вршите таа приватизација.

И на крајот од овој член 1 стои ставот 3: Објектите и земјиштето утврдени во планот за поделба Државниот завод за геодетски работи по службена должност ќе ги евидентира во Катастарот на земјиштето и ќе ги запише со право на сопственост во Катастарот на недвижностите на АД ЕСМ или друштвата основани од него, или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ, или неговите правни наследници и АД МЕПСО. Сега за да се заврши сето ова полесно Државниот завод за геодетски работи по службена должност за да ги направи овие работи во Катастарот наредната точка од дневниот ред е токму тоа и тоа има повторно еден член, или два члена, таму има рок на важност на законот, или влегување во сила на законот 8 дена после донесувањето. И сето ова ќе дојде во ситуација, ова е почетокот, тоа е крајот, со три члена ние ќе успееме да решиме нешто што во просторниот план за кој што многу време говоревме тука при една територијална поделба по која што некаде околу 45% од земјиштето во Република Македонија сеуште не е дефинирана. А и вие самите кажувате дека процесот за да се најде ова да дојде во ситуација да функционира имотно правните односи за запишување на правото на сопственост на недвижности е една рамка која што еве останува, е долготраен и поврзан со значајни издатоци, а состојбата останува неодредена уште низа години. Вие сега за два дена сето ова ќе го скокнете и ќе донесете ситуација во која што се ќе биде регулирано, се ќе се знае. И сега се прашувам, дали сме ние толку паметни во овие три дена да донесеме одлука и тука е крајот, или пак ова е изнудено решение, некој не држи за врат, а ние мораме да потпишуваме. Ако е така, треба да си каже министерот затоа што би се ослободил од одговорноста. Вака сфаќам дека негов е Предлогот на законот, тој го брани и мислам дека апсолутно на ваков начин не може да се стигне во оваа ситуација, затоа

што се водат процеси за имотот на Електростопанство на Македонија во овој момент против луѓе кои што се обиделе ова да го направат, значи да се слика теренската состојба, да се направи имотно-правната состојба и тогаш на целото Електростопанство на Македонија, не вака на акционерски друштва како што е сега. По тој план и сега работи Електростопанство на Македонија, но се води судски процес. Сега вие после ваква одлука и после ваков закон не знам што очекувате утре да се води, затоа што, ако ова можеше да се направи со два члена. Јас се чудам зошто луѓето претходно не размислувале вака, или зошто воопшто не размислувале во оваа насока дека многу едноставно со два члена еден во Катастар, еден во Законот за преобразба и ние стигнавме во ситуација се да ви е чиста ситуација и можеме се да продадеме. Мислам дека апсолутно не е коректно затоа што и ова што од постојниот закон за преобразба членот 5, членот 7 во кој што се кажува: приватизацијата на АД ЕСМ и на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел или на сите акции на АД ЕСМ, или на друштвата основани од него во една, или повеќе трансакции на инвеститор и тоа став 1, преку склучување на договор за продажба на малцински пакет на акции со меѓународни финансиски институции. Под 2, преку тендер во кој е вклучена преквалификација на начин и по постапка што ги пропишува Владата на Република Македонија. Значи, тоа е ова што сега ќе го направите, и на друг начин утврден со закон. Сега под инвеститор во смисла на став 1 на овој член се подразбира под а) било кое домашно, или странско правно лице. Под б) меѓународна финансиска институција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави и во чии основачки акти се јавува и Република Македонија како земја членка. Сега говориме за ова што е закон, ова што ние го донесовме и го гласавме овде, значи се говори за инвеститорот. Ние сега слушајќи каков ќе биде тендерот и кој ќе може да учествува на тој тендер, доаѓаме да го кршиме законот. Која е причината? Мислам дека ни должите одговор. Зошто и како е вака? Јас не видов дека: чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави. Апсолутно никаде не се поставува како барање. Се поставуваат некои финансиски барања кои што понатаму не знам на што ќе не доведат и дали ќе се случи како оној тендер што го очекуваме да заврши на 9, инвестицијата која што долго време сите ја очекуваме да почне да се гради и Света Петка, ќе видиме што ќе биде од сето тоа, но мислам дека нема да биде ништо, за жал како и многу пати досега, но ќе има нешто.

Приватизацијата на АД ЕСМ или на друштвата основани од него може да вклучи и пренос на акции бесплатно, или по овластена цена од основната главница на АД ЕСМ, или на друштвата основани од него на лицата кои до 31 декември 2003 година биле во работен однос во АД Електростопанство на Македонија. Владата на Република Македонија со одлука ќе го утврди процентот, начинот, условите и критериумите за распределба на акциите од овој став. И ова очекував досега да биде средено и Владата да ја донесе таа одлука, наместо да го носи овој закон по итна постапка. Мислам дека многу од вработените токму ова ги интересира пред да почне било каков начин на распродажба, или на приватизација, мислам дека овој дел е многу поважен, значи тоа е ставот 3 од членот 7.Затоа за жал не проговоривте. И членот 2 од законот во кој што се кажува за членот 7 став 1 и 3 и во член 8 по зборовите: друштвата основани од него, се додаваат зборовите "и, или друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ, или неговите правни наследници". И во меѓувреме се случија многу промени, не знам уште колку ќе се случат, затоа што тука бевме убедувани дека Владата има стратегија, има план врз основа на што размислува и како да се приватизира Електростопанство на Македонија. Но, верувајте ми веќе повеќе не може никој да се убеди дека тоа е точно, затоа што нон-стоп имаме некои нови услови, некои нови промени, некои работи кои што нон-стоп од АД Електростопанство на Македонија излегуваат некои нови акционерски друштва и едноставно не се знае кој е начинот, што и како ќе се продава. Сега договорот беше да се направи овој тендер за продажба на Дистрибуција. Дали сето тоа ќе може во еден редовен рок, значи, кажав, тоа би било некаде крајот на март што апсолутно како Парламент уште немаме донесено никаква одлука кога ќе бидат наредните предвремени или редовни парламентарни избори, дали тоа ќе биде јуни месец, дали тоа ќе биде септември месец, може да донесе една многу поинаква ситуација и сето ова да падне во вода. Затоа мислам дека ќе беше добро да си продолжите со работењето на процесот на приватизација, значи, се да биде законски и да се донесе во ред, никој не знае што ќе донесат новите парламентарни избори така што можете вие да бидете повторно министер и да ја продолжите таа работа во однос на приватизацијата на Електростопанство, но тогаш со чиста ситуација ќе можете и пред граѓаните на Република Македонија да го кажете тоа. На овој начин не знам што е брзањето, не знам каде се брзате, затоа што мислам дека со ваква одлука ќе донесовме многу погрешно и ситуација во која што Република Македонија ќе ја задолжите можеби повеќе од она што ќе го добиете. Значи, сето ова во интерес на образложувањето на мојот амандман, првиот амандман во однос на овој закон е, членот 1 се брише. Мислам дека доволно елаборирав, да ви кажам зошто се брише членот 1, и зошто на овој начин не можеме да направиме апсолутно ништо, туку ќе направиме сите заедно како Парламент грешка, а таа грешка ќе ја плаќаат граѓаните на Република Македонија затоа што кажав на еден ваков начин со еден член, или ние сме многу паметни надвор од сите критериуми кои што владеат во Република Македонија и можеме тоа на тој начин да го направиме, или пак имаме една многу погрешна ситуација комплетно за ситуацијата во АД Електростопанство на Македонија, бидејќи сега нема раководство на Електростопанство, поделени се акционерски друштва, го повикувам министерот дека е време пред пратениците да излезе со стратегијата и она што го размислува Владата на Република Македонија во однос на предприватизацијата, во однос на она што ќе значат тендери и во однос на она што го предвидува во наредните 1 месец, 3 месеци, 1 година, да видиме што вие размислувате, како размислувате, затоа што се работи за најголемото добро што го има Република Македонија можеби единствените кои што во овој момент работат и носат профит во Република

Македонија. Ако ние сакаме на ваков начин сето тоа да го прекинеме и да донесеме ситуација во која што ќе треба да приватизираме нешто за кое што ќе ни биде утре криво, тогаш имаме генерален проблем, мислам дека проблемот е од огромна природа. И јас кажав, го очекуваме 9 декември, го очекуваме 15 декември, новата цена на електричната енергија за кое што еве тука колешките и колегите има многу прашања што досега ги поставивме, многу тешко одеше со тарифниот систем, а вие сакате со комплетна претстава колкава е финансиската моќност, колкава е добивката на компаниите, да дојдете до ситуација да го објасните тарифниот систем. Ние тука говориме за сега една прераспределба на земјиштето и објектите во Електростопанство на Македонија каде што се уште не се знае кој на кого што му припаѓа. Значи, утре очекувајте голем број на месни заедници, голем број на куќни совети, голем број на граѓани во Република Македонија апсолутно да си ги побараат правата и ќе бидат во право да бидат обесштетени од Република Македонија, не од сопственикот на Дистрибуција, не од сопственикот на ЕЛЕМ, не од сопственикот на термоцентралата Неготино и не знам уште колку понатаму акционерски друштва ќе се формираат. Мислам дека како Министерство за економија имате многу поголем проблем од ова, значи енергетската криза ни е веќе на вратот и ќе треба многу побрзо да се реагира во такви ситуации каде што Република Македонија ќе ја донесеме во ситуација да биде безбедна од енергетски поглед, затоа што кажав дека годините се како месеци, а месеците одминуваат. Значи три ипол години поминаа, ние останавме само на вакви законски проекти, останавме на она што требаше да се заврши и да биде врска на Република Македонија со Република Бугарија и со Република Грција на 400 киловолти, уште тој тендер што е тогаш распишан се уште нема газда кој и како ќе работи во Република Македонија. Мислам дека тука се многу поголеми проблеми отколку вака по итна постапка да ни го понудите овој закон. Мислам дека апсолутно ништо нема да решиме, туку ќе донесеме уште поголем галиматијат и не ќе се знае кој на кого продава, кој од кого купува и кој на крајот на краиштата ќе треба да плати, а ќе плати граѓанинот на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Китаноски, процедурално.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Деловнички барам да ми објасните вие, бидејќи вие ја водите седницата, или од претседателот на Собранието, дали во салата има нов распоред за седење на пратениците од опозицијата, или некој со сила ги узурпирал местата и позициите, посебно местото на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски. Ако има таков распоред сакам да бидеме известени по чија иницијатива, по чија одлука. Ако нема, тогаш ве молам да го запазите редот во собраниската сала за да не личиме на циркус.

**Слободан Најдовски:** Господине Китаноски, во Собранието не се фиксно на било кого дадени местата за седење. Така што и вака ако гледате сега може некој да си ги разместува местата. Но, со оглед на забелешката која што ја имате обратете се до Претседателството на Собранието, ќе ви одговориме. За текот на седницата тоа не е битно, да продолжиме понатаму со расправата. Јас на никого не сум му рекол да ги промени местата.

Продолжуваме со работа понатаму.

Има збор министерот за економија господинот Фатмир Бесими.

**Фатмир Бесими:** Благодарам потпретседателе. Јас ќе се обидам да бидам краток во моето излагање во врска со тоа што беше дискутирано од страна на господинот Спиро Мавровски и неговите амандмани врз основа на Предлогот за измени на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија. Сакам да укажам дека, јас го респектирам тоа дека има дискусии во ова Собрание за вакви значајни прашања во Република Македонија како што е процесот на преструктуирање на Електростопанство на Македонија и процесот на приватизација на овој сектор, во конкретниот случај во тек и актуелно е приватизација на АД ЕСМ, Дистрибуција и снабдување. Тоа што сакам да укажам заради почитуваните претставници на народот, односно пратениците и на тие што не следат преку медиумите, на граѓаните на Република Македонија сакам да укажам на некои факти кои зборуваат за реформите во електроенергетскиот систем во Република Македонија. И да не се стекне погрешен впечаток дека ние сега реформите сакаме да ги реализираме преку еден ден, или преку една недела, или еден месец. Реформите се започнати уште поодамна, уште во текот на 2000 година е направена трансформација од јавно претпријатие Електростопанство во акционерско друштво во државна сопственост. И понатаму следат сите реформи во овој сектор. А за потсетување и за информирање на пошироката јавност можам да укажам дека во извештајот на Европска банка за обнова и развој за земјите во транзиција во текот на 2005 година за Македонија има подобрување на индикаторот во реформите во инфраструктурата, а тоа се должи на реформите во електро-енергетскиот сектор каде што експлицитно се повикуваат на реформите кои ние сега ги правиме во овој период во Република Македонија. Конкретно тоа што се предлага пред граѓаните на Република Македонија членот 2 во овој Предлог закон за измена на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, измените во членот 7 и 8 таму се спомна дека во постојниот член 7 во ставот 1 во првата алинеја се спомнува за меѓународни финансиски институции. Исто така, ќе ве информирам за која меѓународна финансиска институција што е во сопственост на повеќе држави, тоа се однесува на Европска банка за обнова и развој со која Република Македонија има склучена спогодба за предприватизација. Исто така сакам да укажеме дека овој процес сме го ветиле пред граѓаните и тоа е наша должност да го реализираме и реформите и процесот на приватизација, максимално транспарентна и ефикасна. Целта на тоа што се нуди во членот 1 во измените тука, се работи за регулирање на имотно правните односи, за недвижности и други објекти кои се однесуваат на земјиште кое е во државна сопственост, односно сопственост на Република Македонија кои во Катастарот се евидентирани, или не се евидентирани. Значи, тука станува збор и исклучиво

е јасно дека се работи за сопственост на Република Македонија.

JM/MK 116 - 00

**Фатмир Бесими: (Продолжение)**

Во однос на оваа наша цел ние ја имаме предвид нашата пракса која во овој дел ја имаме и за која имаме укажување од сите релевантни меѓународни институции кои помагаат на Република Македонија во целиот период на транзиција и сега во процесот на интеграција на Република Македонија во Европската Унија како наша стратешка цел.

Има укажување и за реформите кои треба да се направат во овој сектор, во овој дел и на регулирање на овој сектор во реформите на катастарот. Меѓутоа, во конкретниот случај тоа што го предлагаат патениците на оваа седница на Собранието на Република Македонија е решавање на одредени прашања кои се однесуваат исклучиво на оваа преобразбра, преструктуирање која произлегува од овој специјален закон за преобразба на АД Електро стопанство на Македонија и ние како Влада сме должни во овој процес да понудиме што појасен пакет и што подобар пакет на реформите и преструктуирањето на целиот сектор, кој е од едно единствено претпријатие да направиме поделба на тоа што е пренос на електрична енергија, што е дистрибуција и снабдување и тоа што е производство на електрична енергија.

Сега доколку се фокусираме само процесот на приватизацијата предмет на приватизација е само делот на дистрибуција и снабдување, а не се ниту производните капацитети на електрична енергија, ниту преносните мрежи односно далекуводите.

Со ова мислам дека јасно е дека во овој процес кој е комплексен Владата на Република Македонија, а во делот на координирање на овие активности Министерството за економија на Република Македонија во реформите на електроенергетскиот сектор во целиот овој период има направено значаен напредок во овој процес и веќе е усогласена законската регулатива и реформите кои требаше да се направат во преструктуирање на правните субјекти во овој сектор во Република Македонија.

Со оглед на тоа мислам дека има доволно аргументи да се сфати целта на овој Предлог за изменување на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Во меѓувреме од пријавените дали има некој за реплика?

Господинот Мавровски е за реплика , господинот Стојановски е за реплика.

(за реплика се јавуваат и госпоѓата Весна Борозан и други пратеници)

Вие сте за реплика на господинот Мавровски.

Се извинувам, прво ќе му дадеме збор за реплика на господинот Мавровски и господинот Стојановси за дискусијата на господинот министер, а потоа се враќаме . . .

(реакција на пратеникот Зоран Томиќ и др.)

Господине Томиќ нешто не ви е јасно.

Веднаш после дискусијата на господинот Мавровски се пријави за збор министерот. Министерот има право по Деловник,секогаш добива предимство на говор, секогаш кога ќе се пријави за збор. Сега имаме реплики на дискусијата на министерот и не знам што не ви е јасно.

Повелете господине Мавровски 3 минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседател.

Јас сум тука, немам други обврски, пратеник сум така да ќе одговорам на вашите реплики, а министерот може да замине.

Господине министре од ова што ми го објаснивте апсолутно не кажавте ништо за ова што е предмет на дискусијата, а тоа е законот. Вие зборувате за реформи, за преобразби, подобрување на реформите и со тоа апсолутно со вас се согласувам и цело време ја имате нашата поддршка.

Јас сега не можам да разберам дали е услов, и кажувате дека реформите во електро енергетскиот сектор се најдобриот услов за предлогот и приближувањето на интеграцијата до Европската Унија , од друга страна кажувате дека има големи проблеми во однос на решавање на имотно правните односи и дека кога ќе ги решиме тие проблеми ние ќе бидеме во Европската Унија. Јас се согласувам со вас, но времето како што ни кажаа ќе биде сигурно 7-8 години, а вие сакате по завршувањето на оваа седницииа и објавувањето во "Службен весник" ова да биде готово и завршено. Таква работа не може да се случи. Очекував дека ќе проговорите токму за таа ситуација.

Реформите, Европската банка за обнова и развој, јас знам дека Република Македонија повторно ќе ја задолжите, затоа што ние зедовме еден кредит од 45 милиони за претприватизација на Електро стопанство и од тие пари министерот за финансии си ги искористи за покривање на некои буџетски дупки со тоа што ништо не се искористи во Електро стопанство на Македонија. Сега ние имаме проблем повторно со Министерството за економија за отворање на рудникот "Брод-Неотино" кој како опозиција апсолутно ве поддржуваме и тој тендер мислам дека требаше многу побрзо да оди одколку што ова тука го имате, затоа што Република Македонија ќе ја донесеме во ситуација да нема електрична енергија. Тоа е многу поважно од ова колку ќе ни каже нас Европската Унија дека со овој закон ќе бидеме поблиску до Европската Унија. Нема да бидеме воопшто поблиску кога утре вие како министер за економија и министерот за финансии нема да имате финансиски средства да купиме електрична енергија. Ќе ја снајде она што ја снајде Република Албанија, ќе се чудиме што тогаш и колку сме блиски до Европската Унија, кога вие не ќе можете да понудите на ниеден инвеститор сигурен извор на електрична енергија. Тоа е основниот проблем. Ние овде можеме да спориме колку сакате, апсолутно не ме убедивте дека овој закон што ни го нудите носи решение. Јас ве убедувам уште еднаш дека носи проблеми. Размислете уште еднаш и не во итна постапка, туку нека се изјасни целата македонска јавност да видиме што понатаму. Тогаш ќе бидете коректни и транспарентни, инаку се друго не го прифаќам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика за пратеникот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Она што е содржина на овој закон и она што го кажа министерот дефинитивно потврдува дека сопственоста на Електро стопанство, поранешна компанија не е регулирана и се поставуваат пред сите нас како пратеници министерот да ги одговори.

Првото е, што е поделено при преобразбата на Електро стопанство на Македонија. Кој имот е поделен и дали е поделен воопшто имотот, или само дејноста која што ја вршат одделните друштва.

Понатаму, на кое друштво, врз основа на каков доказ за сопственост ќе се изврши евидентирање на имотот во Катастарот. Зборувате на ЕСМ, или и на друштвата кои произлегуваат од него.

Зборуваме за предприватизација, зборуваме за имот.

Понатаму дали за сите објекти има односно за кои објекти нема, за кои има одобренија за градба, затоа што е поврзано со плаќање на комуналии, со изработка на детални урбанистички планови каде што треба да влезат тие објекти како такви, затоа што постојат и други закони со кои овој закон треба да биде компатабилен, или со овој закон ние вршиме фактички легализација и на оние објекти кои што се нелегално градени односно ги нема во урбанистичките планови и за кои не се платени комуналии.

Понатаму, што со оние објекти каде што има заедничка сопственост Електро стопанство со други сопственици. Дали тоа значи дека на овој начин се одзема сопственоста на инвеститорите кои што влегле во инвестиција заедно со Електро стопанство на Македонија.

Понатаму, што со овие објекти кои што се изградени на приватно земјиште? Кој е тој кој што понатаму ќе треба да ги надоместува трошоците кои произлегуваат од утврдувањето и запишувањето на сопственоста.

Значи, има еден куп неодговорени прашања за кои што ќе зборувам кога ќе се пријавам за збор, затоа што сега нема доволно време, меѓутоа одговорите на овие прашања и усогласеноста на овој закон со сите други закони кои што постојат во Република Македонија е основна работа која што треба да ја постигнеме во овој Парламент.

Доколку вие сакате брзо, експресно да се изврши продажба на Електро стопанство на Македонија тогаш паралелно со тоа моравте да работите на припремата на имотот на Електро стопанство на Македонија. Со ова дефинитивно признавате дека Владата на Република Македонија овие три години не вршела подготовки за продажба на Електро стопанство, туку мислела да го продаде што побрзо и единствено што треба да дознаеме кој треба да го купи. Благодарам.

(со седницата продолжи да председава господинот Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министер една минута контра реплика.

**Фатмир Бесими:** Сосема кратко, само одговор на тоа дали се направени помеѓу самите субјекти делбените биланси. Тие се направени. Веќе комплетна е целата постапка и тоа е направено транспарентно. За целиот процес ние имаме и постапка како ја информираме јавноста за сите активности кои се прават во овој процес.

Исто така се спомна и за аспектот на сопственоста, да кажам дека станува збор за сопственост на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Борозан вие имате реплика на господинот Мавровски, така ли? (да)

Повелете три минути.

**Весна Борозан:** Јас сакав пред се да реагирам на потпретседателот кој што ја водеше седницата во времето додека зборуваше господинот Спиро Мавровски.

Имено, во неговото излагање тој цело време зборуваше за приватизација, а многу помалку за самите измени кои што се предлагаат во законот.

Сакам да нагласам дека измените што се предлагаат со овој закон воопшто не станува збор за никаква приватизација. Измените се однесуваат на уредување на начинот за евидентирање во катастарска евиденција на земјиштето и имотот со кој располага односно го има во владение бившото ЕСМ односно претпријатијата произлезени од бившото ЕСМ , а кое е во сопственост на Република Македонија. Воопшто не станува збор за приватна сопственост и за некои други аспекти на владеење.

Значи, овде се работи за ефикасно евидентирање на имотот, кој што е сопственост на Република

Македонија и земјиште сопственост на Република Македонија.

При тоа во своето излагање господинот Спиро Мавровски не кажа ни една причина зошто предлага овие измени да се избришат односно воопшто да не се донесат, затоа што неговиот амандман се однесува на бришење на целиот текст на измените кои се предлагаат од Владата.

Не кажа ни една причина зошто претпријатијата произлезени од ЕСМ, тоа е предпријатието ЕЛЕМ за производство на електрична енергија за тарифни потрошувачи; МЕПСО-претпријатие за оперирање на електро енергетскиот систем, кој што ќе остане во приватна сопственост на Република Македонија и предпријатието Дистрибуција. Зошто него му пречи да настане средување на имотно-правните односи на овие претпријатија.

Кога зборуваме за приватизација, тој споменуваше исто така приватизација на земјиштето, во процесот на приватизација апсолутно не се предлага приватизација на земјиште. Ова го кажувам заради јавноста и заради забуните кои што може да произлезат од тука.

Владата донесе Одлука за приватизација, продажба на акции од претпријатие кое што е регистрирано во суд во Македонија. Тоа останува македонско претпријатие. Воопшто со претпријатието не се продава земјиштето, туку се продаваат акции од претпријатието. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Само мал коментар бидејќи не е тука господинот Слободан Најдовски.

Да бев јас на местото на местото на господинот Најдовски истото тоа би го направил, би дозволил да се заврши расправата, бидејќи кога Владата поднесува закон по итна постапка се скокаат фази и тука мислам дека мора да се дозволи да се каже нешто пошироко.

Инаку да си одеше по редовна постапка ќе се кажеше во општата расправа тоа што сега се кажа по амандманот.

Повелете господине Мавровски, имате една минута.

**Киро Мавровски:** Почитувана колешке Борозан вие очигледно сте во коализија со Владата, или пак не сте го прочитале ова што ни е доставено од Владата, за кое што денес расправаме. Би ве замолил да го прашате претседателот на Владата, господинот Владо Бучковски, затоа што се кажува: "Владата предлага на Собранието овој закон да го донесе по итна постапка заради отпочнување на тендерска постапка за приватизација на АД ЕСМ, а потоа и за решавање на имотно-правните односи и на другите субјекти, односно на АД ЕЛЕМ и АД ТЕЦ Неготино". И имате предлог за донесување по итна постапка на законот согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија-се предлага донесувањето на законот по итна постапка заради отопочнување на тендерска постапка за приватизација на АД ЕСМ,а потоа и за решавање на имотно-правните односи.

Јас сега госпоѓо Борозан за што да говорам? Вие носите закон за . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски, заврши една минута.

Бидејќи има уште 4 минути јас тука ќе ја завршам денешната седница.

Ги молам сите пратеници, утре продолжуваме со седницата за уставните амандмани, ако ги завршиме порано ќе продолжиме и со оваа седница.

Благодарам и пријатно.

(Седницата прекина со работа во 17,56 часот)

НН/ЛБ    116 - 00

РД/ЛЈ    116 - 00